Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'' - Скопје

Филозофски факултет - Скопје
Институт за педагогија
Постдипломски студии по Менаџмент во образованието

# Организација и структура на високото образование во Република Македонија

## Магистерски труд

Ментор:

Проф. д-р Трајан Гоцевски

Кандидат:

Шенхан Зеќир

Скопје, 2013

## Содржина

**Вовед** ........ **7**

**I. Теоретски пристап кон истражувањето** ........ **9**

1. Дефинирање на проблемот и основните поими ........ 10

1.1.Дефинирање на организацијата и структурата на високото образование во РМ ........ 12

2. Организација на високото образование во РМ ........ 14

2.1. Менаџмент со образовните институции ........ 16

2.1.1. Менаџмент со високото образование ........ 19

2.2. Интеруниверзитетска конференција ........ 21

2.3.Координирање во високото образование ........ 33

3. Високообразовните установи како организациски систем ........ 35

3.1.Во што се состои образовната понуда? ........ 39

4. Мрежа на високообразовни установи во РМ ........ 40

4.1.Новоотворени факултети и дисперзирани студии ........ 47

5. Структура и содржина на образовната дејност на наставата и работата во високообразовните установи во РМ ........ 50

**II. Методологија на истражувањето** ........ **59**

1. Предмет на истражувањето ........ 60

2. Цел и карактер на истражувањето ........ 60

3. Задачи на истражувањето ........ 61

4. Хипотези ........ 61

5. Варијабли на истражувањето ........ 62

6. Методи ,техники и инструменти на истражувањето ........ 62

7. Популација и примерок ........ 63

8. Обработка на податоците ........ 63

9. Организација на истражувањето ........ 64

**III. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето** ........ **65**

1. Анализа и интерпретација на резултатите ........ 66

2.Анализа на состојбите во високото образование ........................................................ 67
3.Анализа на бројот и застапеноста на високообразовните институции ........................ 73
3.1.Државни универзитети.................................................................................................. 73
3.2.Верски факултети ........................................................................................................... 82
3.3.Приватни високи стручни школи.................................................................................. 82
3.4.Приватни универзитети.................................................................................................. 83
4. Трендови во високото образование – Анализа на состојбите во поглед на дисперзија на високото образование ........................................................................................ 90
5. Најзастапени студентски области .................................................................................. 95
6. Висина на школарина ...................................................................................................... 97
6.1.Приватни високообразовни институции во Европа и светот.................................... 98
1.2.Приватни и државни факултети – компаративен пристап...................................... 100
7. Анализа на бројот на дипломирани студенти во 2011 година ................................ 104
7.1.Дипломирани студенти по факултети на државните и приватните универзитети. 106
**Заклучоци, согледувања и констатации ........................................................................ 113**
1. Заклучоци, согледувања и констатации .................................................................... 114
2. Препораки и сугестии ................................................................................................... 117
**Користена литература:..................................................................................................... 120**

# Индекс на слики и табели

*Слика 1: Органи на управување на универзитетот* ........ 23

Слика 2: Органи на управување на факултетот ........ 29

*Слика 3: Организациска структура на Универзитетот-ФОН* ........ 55

*Слика 4: Процентуална застапеност на запишување на студентите во учебната 2011/2012 по образовни институции* ........ 72

*Слика 5: Процентуална застапеност по области на пријавени кандидати во академската 2012/2013 година на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј"* ........ 76

*Слика 6: Процентуална застапеност на запишани студенти на приватните универзитети* ........ 83

*Слика 7: Високообразовни институции во Република Македонија* ........ 92

*Слика 8: Преглед на сите градови со означен број на дисперзирани студиски програми до 2011/2012* ........ 93

*Слика 9: SWOT анализа* ........ 103

*Слика 10: Вкупен број на дипломирани студенти во 2011 година* ........ 104

*Табела 1: Број на слободни места на државните универзитети за запишување на студенти на додопломски студии во учебната 2011/2012 година*68

*Табела 2: Број на предвидени, пријавени и запишани студенти во учебната 2008/2009 и 2011/2012 година* ........ 69

*Табела 3: Број на запишани студетни во учебната 2011/2012 година според статусот на студирање* ........ 70

*Табела 4: Структура на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје* ........ 51

*Табела 5: Структура на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски"* ........ 52

*Табела 6: Структура на Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип* ........ 53

*Табела 7: Вкупен број на запишани студенти во 2011/2012* ........ 66

*Табела 8: Број на запишани студенти во учебната 2011/2012 година на државните и приватните високообразовни инстиуции* ........ 71

*Табела 9: Број на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје* ..................... 75

*Табела 10: Број на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 на Универзитет "Св. Климент Охридски" во Битола* ............... 78

*Табела 11: Број на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 на Универзитет "Гоце Делчев" во Штип* .................................. 79

*Табела 12: Број на слободни места и запишани студенти во академската 2011/2012 година на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Св. Апостол Павле " во Охрид* ................................................ 80

*Табела 13: Број на планирани и запишани студенти во академската 2011/2012 година на Државниот универзитет во Тетово* ................................................ 81

*Табела 14: Вкупно запишани студенти на верските факултети во Скопје во учебната 2011/2012 година* ................................................ 82

*Табела 15: Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 на приватните високи стручни школи* ................................................ 82

*Табела 16: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Фон Универзитетот* ................................................ 85

*Табела 17: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Југоисточно европски факултет во Тетово* ................................................ 86

*Табела 18: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Европскиот факултет* ................................................ 87

*Табела 19: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Американ колеџ* ................................................ 87

*Табела 20: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на МИТ* ................................................ 88

*Табела 21: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Меѓународниот Балкански универзитет во Скопје* ................................................ 88

*Табела 22: Вкупен број на запишани студенти на на Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА во Скопје* ................................................ 89

*Табела 23: Вкупно запишани студенти во академската 2011/2012 на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје* ................. **Error! Bookmark not defined.**

*Табела 24: Вкупно запишани студенти во академската 2011/2012 на Факултетот за бизнис економија и ПВОУ* ........................................................................ 89

*Табела 25: Број на дипломирани студенти во 2011 година во Македонија* .............. 109

*Табела 26: Број на дипломирани студенти во 2011 година на приватните факултети во Македонија* ........................................................................................ 111

## Вовед

Вкупните општествено-политички и економски промени кои настанаа кај нас, во последните десетина години, неопходно налагаат адекватни промени и во сферата на воспитно-образовниот, научноистражувачкиот и едукативниот систем во земјата. Овие промени бараат осовременување на образовната технологија, модернизација и опремување на воспитно-образовните, научноистражувачките и едукативните институции според меѓународно прифатени стандарди и правила на верификација на стекнатите знаења.

Влијанието на научно-технолошкиот развој врз организацијата на образованието, бара продлабочена анализа, темелена врз примена на соодветна методолошка апаратура и постапки.

Со цел да се постигне рационализација и осовременување на досегашниот систем, потребни се низа промени кои треба да бидат насочени кон следните правци: осовременување на целите на основното образование во согласност со општествените промени; програмско иновирање согласно новите барања и предизвици на технолошката револуција; осовременување на организацијата на училиштето и воспитно-образовната работа како организационен процес со динамични својства; промена на односот ученик-наставник; осовременување на наставниот кадар.

Конкуренцијата на пазарот на работната сила непосредно ја зголемува и конкуренцијата помеѓу институциите од образовната сфера при што пред нив се поставуваат високи барања во поглед на квалитетот и современоста на образовната понуда. Образовните институции мора да се прилагодат на новото време при што треба да се воведуваат промени во повеќе сфери во високото образовани. Промените треба да ги опфатат: кадрите, материјално-техничките услови, раководењето, осовременување на планирањето и координацијата и слично. Главната движечка сила за постигнување на промените треба да биде менаџментот кој што ќе делува ефикасно на пазарот на трудот и ќе се стреми кон успех во остварување на поставените цели.

Образовниот систем треба да изгради таква структура и организација која ќе овозможи негова функционална поврзаност со пазарот на трудот, кој на образовните институции ќе им понуди информации за движењето на понудата и побарувачката на образовни услуги.

Образовниот систем не смее и понатаму да продолжи со практиката да се грижи исклучиво за подготвување на новата работна сила и неговата грижа за сопствените партиципиенти не смее да престане во моментот на нивното заминување од образовните институции. Негова грижа треба да бидат редовните образовни парципиенти, вработените, невработените и сите оние кои имаат потреба од образовна надградба.

Динамиката на промените во образовниот систем треба да ја следи динамиката на промените во потребните компетенции кои ги диктира пазарот на трудот и кој врши валоризација на образовните услуги, при тоа определувајќи ја понудата и побарувачката.

Реформите во високото образование се воведуваат со цел да се подобри квалитетот на образованието и да се зголеми бројот на понудата на академските граѓани, како најприоритетна точка е да се биде во чекор со Европа следејќи го европскиот ,,тренд". Секако, треба да се напомени дека квантитетот не треба да го намали квалитетот. Во врска со тоа се поставува прашањето: Колку воведените реформи успеваат да ја постигнат нивната примарна цел?

Актуелните потреби на стопанството никогаш не можат да се решат со изолиран образовен систем. Образовните институции мораат да го напуштат светот на формализираните стандарди и нормативи и да се поврзат со општеството на кое му се потребни образовните услуги.

# I. Теоретски пристап кон истражувањето

Денес во ерата на информатичкото општество, организацијата е сеопфатен процес без која не може да се замисли ниту една дејност, потфат или развоен проект на човекот кој се стреми кон сè поинтензивниот научно-технолошки процес.

Се поставува прашањето дали човекот во организациска смисла е дел од воспитно-образовниот процес и неговата организација како општествена дејност од пошироко значење? Одговорот е позитивен. Тоа значи дека човекот еден дел од својот животен и работен век е директно врзан за организацијата на воспитно-образовниот систем во земјата.

Организацијата на воспитно-образовниот систем опфаќа мрежа на институции и организации кои на најефикасен и најсовремен начин го остваруваат воспитно-образовниот процес на сите утврдени степени и за сите профили на кадри кои се потребни за пазарот на трудот. Тие институции ги опфаќаат: предучилишните установи, училиштата за основно образование, училиштата за средно образование, вишите школи, факултетите и специјалните образовни институции.

**Теоријата за организација на образованието** се занимава со проучувањето и отворањето на процесите и перспективите кои овозможуваат ефикасен педагошко-професионален систем, со нови решенија во организациско-структурниот модел на образованието, посовремена организација на трудот, поефикасно управување со воспитно-образовните процеси и поприфатливи социјални односи.

Под **организација** се подразбира свесно создадена општествена единка со релативно дефинирани граници која функционира на релативно свесна основа составена од луѓе кои ги координираат нивните активности за остварување на општите цели. Секоја организација ги вклучува следните елементи: материјално-технички ресурси (простор, опрема, средства за работа), финансиски ресурси (средства остварени по различни основи), капитал и кадровски ресурси (расположливи ресурси за работа).

Организирањето претставува комплексен процес на воспоставување, прилагодување и поттикнување на извршувањето на норми и односи меѓу луѓето.

Основни принципи на процесот на организирањето се: воспоставување на правила за однесување на подредените, дефинирање на правила за пристојност и одговорност, определување на начини за пренесување на компетенциите на подредените и потребата за култура на организацијата.

Организациската структура ја сочинуваат три димензии:

- ✓ **Комплексност** – димензија која произлегува од хиерархијата и поделбата на работата и е резултат на хоризонталната и вертикалната диференцијација;
- ✓ **Формализација** – димензија која покажува на постоење на политики, процедури и други правила;
- ✓ **Централизација** – димензија која укажува на тоа дали моќта на одлучување во организацијата е сконцентрирана или не.[1]

Од аспект на централизацијата се разликуваа два типа на системи: централизирани и децентрализирани.

- ✓ Централизираните системи се карактеризираат со строго определена хиерархија и систематизација; строги правила, прописи и процедури; изедначеност на платите, релативна определеност на работните задачи. Тоа доведува до демотивираност кај вработените, стереотипност кај работењето, крутост и статичност.
- ✓ Децентрализираните системи обезбедуваат поголема слобода во одлучувањето, им овозможуваат на професорите поголема креативност, иновативност, флексибилност и динамичност, развој и осовременување на организациската структура.

---

[1] Гоцевски, Т. (2010). *Образовен менаџмент.* Скопје: Филозофски факултет

Високото образование, како подсистем на системот на образованието и воспитанието, зазема значајно место во хиерархијата на вредностите во секоја современа држава.

На сите универзитети во Република Македонија за приспособување на системот на управување и раководење на новите пазарни услови, процес за кој можеме да кажеме дека со донесувањето на законската регулатива, почнува да го зазема соодветното место. Со донесувањето на Законот за високо образование од 25 јули 2000 година се создадоа сите предуслови за да се надмине состојбата на постоење различни органи на управување во рамките на универзитетот.

## 1.1. Дефинирање на организацијата и структурата на високото образование во РМ

Покрај останатите од кои зависи современото менаџирање и ефикасноста на воспитно-образовниот процес во земјата, од непроценливо значење е и организацијата на институциите кои се занимаваат со оваа суптилна дејност, формите на управувањето и ефикасноста на раководењето.

Тоа не е случајно, туку напротив, тоа е неминовен процес на современото општество кое уште се нарекува и организационото општество, а современиот човек се опишува и се дефинира како човек на организацијата.

Теоријата за организацијата и за управувањето на училиштата и на универзитетите произлегува од општата теорија за организацијата и за управувањето и е нејзина специфична конкретизација и адаптација. Тоа е неопходност бидејќи организацијата на воспитно-образовните институции, покрај потпирањето на општите принципи на научната организација на трудот, има и свои специфичности кои произлегуваат од природата на нивната дејност и од специфичноста на нивниот производ. Оттука, теоријата за организацијата и за управувањето со образованието и воспитанието се сфаќа како систем на знаења, сознанија, постапки, препораки и идеи за зависноста, корелациите и односите, како на учесниците по отстранувањето на воспитно-образовниот процес, така и на оние кои го обезбедуваа неговото непречено

одвивање, па сè до обезбедувањето на однапред поставените цели и на очекуваните резултати на воспитно-образовниот процес.

Кога станува збор за научната организацијата на образованието, во литературата се сретнуваат три аспекти на разгледување на овој современ феномен и тоа:[2]

- од функционален аспект;
- од структурен аспект;
- од институцијален аспект.

**Функционалниот аспект** на поимот организација на образованието покажува процес на подредување на деловите од системот на функционирање како целина. Тоа значи дека дејноста на организацијата е тајно осмислена и целесообразна активност со помош на која, просторно и временски се подредуваат одредени човекови активности и средства со цел да се постигнат одредени ефекти кои се однапред поставени пред воспитно-образовниот и едукативниот систем, а тоа е функција на организацијата и управувањето.

**Структурниот аспект** на организацијата ги означува знаците на препознавање, својствата и застапеноста на елементите на еден систем кои го определуваат неговото значење, интеракции и врски, како помеѓу неговите елементи така и со неговото опкружување, бидејќи ниту еден систем не може да делува исполирано, надвор од вкупната општествена стварност, а најмалку тоа може да биде воспитно-образовниот систем. Тоа значи дека организацијата на образованието ја покажува внатрешната поставеност на елементите на системот, нивната подреденост и нивната внатрешна структура на функционирање.

**Институционалниот аспект** на организацијата на образованието покажува систем чие функционирање претпоставува остварување на однапред поставаните цели. Притоа, деловите на системот функционираат така што нивните активности се

---

[2] Гоцевски Т, 2010, стр. 214

насочени кон остварување на општо поставената цел и, во таа смисла, тие се подсистем на целината.

Кога овие поставки се изрегулирани со државно-правни акти тие стануваат институции т.е. се институционализира системот на воспитно-образовниот процес кој има свои цели, функции и структура.

Во Република Македонија, системот на образованието и воспитанието е организиран во согласност со современите тенденции во оваа област, со карактерот на политичкиот и на економскиот систем на земјата, со потребите на граѓаните, на стопанството, на услужните дејности и на општеството во целина, од образовна понуда, од побарувачката на пазарот на работна сила и сл. Во таа смисла, воспитно-образовниот систем во земјата е организиран во подсистемот за предучилишно образование и воспитание, подсистем за основно образование кој е задолжителен, во траење од девет години, подсистем за средно образование, подсистем за вишо и високо образование, подсистем за образование на возрасните и специјално образование.

## 2. Организација на високото образование во РМ

Високото образование во Република Македонија се организира на високите школи, факултетите и академиите.

**Универзитетот** може да се организира доколку постојат најмалку пет образовни установи. Универзитетот е највисока автономна образовна, научна, односно уметничка установа која ја сочинуваат високообразовните установи кои се основани со законот.

**Факултетите** се високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност, уметничка и научноистражувачка и високостручна работа во една или во повеќе сродни уметнички области.

**Уметничките академии** се високообразовни институции кои вршат високообразовна дејност, уметничка и научноистражувачка работа во една или во повеќе сродни уметнички области.

**Високите школи** се високообразовни институции кои вршат високообразовна дејност за стручни студии и високостручна работа во една или во повеќе сродни области.

Високото образование во Република Македонија е организирано во петте државни универзитети – во Скопје, во Тетово, во Битола, Охрид и Штип – и на приватните универзитети. На државните високообразовни институции во Републикава во 2011/2012 се запишале 49 675 студенти на државните универзитети и 8 785 студенти на приватните факултети, односно вкупно 58 747 студенти. Наставата ја изведувале 3 464 наставници.

Во Република Македонија високообразовна дејност организираат и приватни универзитети, факултети и колеџи во Скопје, Тетово, Битола, Струга, Свети Николе и слично.

На високообразовните институции во земјата, покрај додипломските, речиси во сите научни области се организираат и постдипломски студии, а се стекнува и највисокото академско научно звање – доктор на науки.

Во текот на 2012 година[3], според податоците на Државниот завод за статистика, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1568 лица од кои 1297 или 82.7% се магистри и 271 или 17.3% се специјалисти. Тоа претставува зголемување за 21.2% во споредба со 2011 година. Учеството на жените магистри во вкупниот број на лица кои стекнале научен степен магистер на науки во 2012 година изнесува 55.4%. Во 2012 година, најголем број од магистерските трудови, 778 или 60.0%, се од областа на општествените науки, 15.1% се од областа на техничко-технолошките науки, а останатите се од областа на хуманистичките, природно- математичките, биотехничките и медицинските науки.

Звањето доктор на науки го стекнале 146 лица што претставува намалување за 25.9% во споредба со 2011 година. Најголем број од лицата докторирале во областа на општествените науки, 54.1%; медицинските науки, 18.5%; потоа следат техничко - технолошките со 13.0%, а останатите лица докторирале во областа на природно - мате-

[3] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=20&rbr=669

матичките, хуманистичките науки и биотехничките науки. Учеството на жените кои одбраниле докторска дисертација во текот на 2012 година изнесува 71 кандидат што претставува 48.6% од вкупниот број лица кои докторирале во 2012 година. Од вкупниот број докторирани лица, најголем процент, 37.7%, својата професија ја вршат во образовната дејност.

## 2.1. Менаџмент со образовните институции

Во сферата на информатичкото општество управувањето и раководењето со сите функции во претпријатијата и другите институции, во кои спаѓаат и воспитнообрзовните институции, станува сè позначајна дејност на која внимание и посветуваат повеќе научни дисциплини. Интересот кон менаџментот, како универзална активност од која зависи успехот на секое претпријатие, на секоја институција, произлегува од желбата за постојан напредок, за подобрување на работните и животните услови кон кои се стреми човекот.[4]

**Основните елементи на менаџментот** се: процес, ресурси, ефективно и ефикасно извршување од страна на други луѓе и целите.[5]

- **Првиот елемент** се однесува на менаџментот како универзален процес, применлив во сите видови претпријатија, болници, цркви, универзитети, факултети и владини агенции. Процесот упатува на функции или на примарни активности извршувани од менаџери. Овие функции се планирања, организирање, координирање, мотивирање и контролирање.
- **Вториот елемент** го сочинуваат ресурсите во кои обично влегуваат суровините, машините, пазарите и парите. Економските ресурси се ограничени поради што менаџерот е одговорен за нивната алокација. Тоа бара менаџерот да биде ефикасен во остварувањето на целите. Кога

[4] Polić, V., *Ekonomika obrazovanja*, Zagreb: BINOZA
[5] Гоцевски , 2010

менаџерот ќе ги оствари целите на организацијата, за него се вели дека е ефективен. Ефикасноста е значаен дел од менаџментот. Таа се однесува на односите меѓу влезот и излезот. Доколку се оствари поголем излез од влезот, станува збор за ефикасност. Исто така, ако се оствари ист излез со помал влез станува збор за зголемување на ефикасноста, оттука менаџерот е заинтересиран за минимизирање на трошоците на ресурсите.

- **Третиот елемент** го сочинуваат луѓето со чии напор се извршува работата. Со помош на луѓето, менаџерите ја извршуваат својата работа.
- **Четвртиот елемент** од дефиницијата се однесува на формулирањето и на остварувањето на целите во претпријатието со напорот на другите луѓе.

Менаџментот вклучува координација на човечки и на материјални ресурси во насока на остварување на целите. Целите се потребни бидејќи активностите треба да бидат насочени кон некој краен сакан резултат или кон некоја состојба.

Со оглед на сеопфатноста на активностите на менаџментот, тој денес станува универзална активност кој не ги одминува ни универзитетот, ни факултетите, ни училиштата, напротив тој мора да стане нивна определба. Неговата улога во воспитно-образовните институции станува се поголемо и заради следново:[6]

- менаџментот особено води сметка за меѓучовечките односи, и тоа како внатре во системот така и за оние за опкружувањето;
- менаџерот се јавува во улога на лидер, кој ги канализира односите во институцијата;
- менаџерот ги поврзува луѓето како во институцијата така и оние кои се надвор од неа, а имаат врска со неа;

[6] Шуклев, Б. (2008). *Менаџмент.* Скопје: Економски факултет
Петковски, К. (1998). *Менаџмент во училиште.* Скопје: Просветен работник
Polić, V., *Ekonomika obrazovanja*, Zagreb: BINOZA

- ❖ менаџерот се јавува во улога на претставник на институцијата и неа ја претставува пред пошироката јавност;
- ❖ менаџментот овозможува прибирање информации и нивна дистрибуција за сите релевантни прашања за институцијата и за нејзиното работење;
- ❖ менаџерот се јавува во улога на нервен центар на организацијата;
- ❖ менаџментот ги обезбедува сите неопходни информации потребни за компетентно одлучување во организацијата;
- ❖ менаџерот се појавува во улога на претприемач;
- ❖ менаџерот се јавува во улога на решавач на проблемите со кои се соочува организацијата или институцијата;
- ❖ менаџерот одлучува за алокација на расположливите ресурси;
- ❖ менаџерот се јавува во улога на партнер и преговарач со институциите со кои се развиваат деловни односи и слично.

За успешно функционирање на воспитно-образовните институции потребно е во работењето да се потпираат на современиот менаџмент и изградување менаџери и менаџерски тимови способни да се носат со проблемите во пазарни услови на работење.

Кога зборуваме за новиот пазарен амбиент кој се создава во нашата земја и за потребата од промени во сферата на управувањето и раководењето неминовно е да напомениме дека се неопходни промени во образовниот систем. Така, образовниот систем во земјата мора да понуди програми за оспособување на современи менаџери, како за своите така и за потребите на другите економски субјекти. Промените во образованието се неопходни и поради тоа што, во современи услови, знаењето станува основен ресурс и главен капитал врз кој се заснова стратегијата за современ развој во сите области.

### 2.1.1. Менаџмент со високото образование

Високото образование, како подсистем на системот на образованието и воспитанието, зазема значајно место во хиерархијата на вредностите во секоја современа држава. Оттаму, и огромните искуства кои се присутни во доменот на менаџментот со високото образование во развиените земји. Според професорите Малком Фрејзер и Харолд Томас, од Англија, 1996 година е прогласена за година на доживотно учење во земјите на ЕУ, а универзитетот има голема улога во тој процес. Поради огромните инвестирања во високото образование, се поставува прашањето за неговиот квалитет, ефикасност и ефективност. Одговор на тоа прашање треба да даде современиот менаџмент во високото образование. Одговорноста на менаџментот на универзитетот се огледува во постигнувањето квалитет на стекнатото знаење и користењето на доделените ресурси. Болоњската декларација уште посилно ги потврдува ваквите промени и ги охрабрува владите и универзитетите да го подобрат менаџментот во високото образование. Во рамките на тој процес потребно е да се постигнат следниве работи:

- да се воспостави систем за самопроцена и самооценување;
- да се усовршува персоналот, пред сè кадарот;
- да се усоврши стратешкото планирање;
- да се подобри менаџментот.

Според овие автори, стратешкото прашање на еден современ универзитет е да се определи, да се дефинира улогата на менаџерот, како основа за успех. Врз база на англиските искуства, менаџерот на универзитетот има **три клучни улоги**:

- меѓучовечка улога, димензија;
- информациска улога;
- улога на одлучувач;

**Меѓучовечката улога** или способноста на менаџерот за креирање меѓучовечки односи на универзитетот се состои од следните содржини:[7]

- способност за истакнување и одење напред;
- покажување и поседување способност за лидерство;
- способност за тимска работа;
- способност за споделување на знаењето на тимот;
- способност за одржување врски со вработените.

**Информациската улога** на менаџерот на универзитетот ги има следните содржини:

- способност за водење на персоналот;
- контрола на персоналот (вработените);
- способност за давање и проширување на информациите;
- давање секаков вид информации во колективот и пред јавноста;
- способност и можност на користење модерна технологија за добивање информации и нивно пласирање;
- оспособеност за усогласување на информациите;
- способност за давање различни информации;
- ефикасно играње на улогата на гласноговорник за можностите на универзитетот.

**Улогата на одлучувач** ги има следните содржини:

- поседување способност за донесување одлуки;
- поседување податоци за донесување валидни одлуки;
- оспособеност на претприемачки пристап при донесувањето одлуки;

[7] Гоцевски, 2010

- исклучително познавање на можностите;
- да се бараат луѓе кои ги ,,палат", а не ги гасат светилките;
- оспособеност за брзо реагирање;
- оспособеност да се соработува пред донесувањето на одлуката;
- поседување капацитет за одлучување.

И, на крајот, **клучната улога на менаџерот на универзитетот се состои во три глобални задачи**:[8]

- правилна распределба (алокација) на ресурсите (работниците, просторот и средствата);
- успешно администрирање;
- одлучување и решавање.

На сите универзитети во Република Македонија се преземаат одредени активности за приспособување на системот на управување и раководење кон новите пазарни услови, процес за кој можеме да кажеме дека, со донесување на законската регулатива, почнува да го зазема соодветното место. Со донесувањето на Законот за високо образование се создадоа услови за да се надмине состојбата на постоење на различни органи на управување во рамките на универзитетите.

## 2.2. Интеруниверзитетска конференција

За координирање на активностите на акредитираните државни и приватни високообразовни установи во Република Македонија е формирана Интеруниверзитетска конференција, како форма на соработка и како тело преку кои се усогласуваат заедничките интереси.

[8] Гоцевски, 2010, стр. 257

Интеруниверзитетска конференција е составена од ректорите на универзитетите, од претседателите на сенатите на универзитетите, од по три члена од универзитетските сенати на универзитетите, од по два декана од универзитетите, како и од пет претставници на студенти од универзитетите. Во работата на Интеруниверзитетската конференција се вклучени и генералните секретари и проректорите кои се без право на глас, а учествуваат како стручни лица.

**Интеруниверзитетска конференција** ги врши следниве работи:[9]

- донесува упатство за единствените основи за евалуација и евалуационите постапки на универзитетите;
- донесува правилник за единствените основни критериуми за избор на наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања;
- изготвува и на Агенцијата за евалуација ѝ предлага упатство за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар на Република Македонија;
- расправа и утврдува мислење по програмата за остварување и развој на високообразовната дејност на Република Македонија, која по претходно мислење на Конференцијата, Владата на Република Македонија му ја предлага на Собранието на Република Македонија;
- расправа и утврдува прашања од доменот на: условите и критериумите за запишување студенти во прва година, режимот на студирањето, остварувањето на кадровската политика на високообразовните и научните установи, материјалната положба на универзитетите и слично;
- ги предлага нормативите и стандардите за основање високообразовна установа и за вршење високообразовна дејност;
- врши и други работи утврдени со Законот на високо образование и со Статутот на Интеруниверизитетската конференција.

[9] Закон за високо образование, Статут на УКИМ

Интеруниверизитетската конференција своите одлуки и ставови ги доставува до органите на универзитетите.

Во рамките на универзитетот, највисоки органи на управување се: универзитетскиот сенат, ректорот и ректорската управа.




***Слика 1: Органи на управување на универзитетот***

## Универзитетски сенат

Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган на универзитетот. Него го сочинуваат по два претставници од факултетите и од високите стручни школи во состав на универзитетот, по еден претставник од научните установи кои се во состав на универзитетот, три претставници од придружните членки на универзитетот и десет претставници од студентите. Сенатот, од редот на своите членови избира претседател. Ректорот и проректорите учествуваат во работата на сенатот, но се без право на глас. Членовите на универзитетскиот сенат се избираат за време од четири години.

**Универзитетскиот сенат** ги врши следниве функции:[10]

- го донесува статутот на универзитетот и дава согласност на статутите на високообразовните установи во неговиот состав;
- предлага годишна финансиска пресметка на универзитетот;
- донесува годишна и четиригодишна програма за развој и за работа на универзитетот;
- дава мислење и поднесува предлози за Програмата за високообразовна дејност на Република Македонија и дава мислење по годишната програма за развој на високообразовните установи;
- го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот;
- го донесува годишниот план и завршната сметка;
- донесува програма за инвестиции на универзитетот и на високообразовните установи во неговиот состав;
- донесува одлуки за доделување титула - почесен доктор на науки и звањето - почесен професор на универзитетот;
- избира и разрешува ректор и проректори на универзитетот;
- предлага нормативни стандарди за вршење на високообразовна дејност на Интеруниверзитетската конференција;
- утврдува единствени основи за вршење на високообразовна дејност;
- донесува правилник за условите и критериумите на запишување на постдипломски студии;
- донесува правилник за единствени правила на студирањето;
- донесува правилник за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии;

[10] Закон за високо образование, Статут на УКИМ

- донесува правилник за единствените основи за кредит системот и преминот од една на друга студиска програма, односно од една во друга високообразовна установа, во состав на универзитетот;
- донесува правилник за условите и постапката за одземање на издадена диплома;
- донесува правилник за единствените критериуми и за постапката за избор на наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања;
- донесува правилник за единствените основи за остварување издавачка дејност на високообразовни и на други установи во состав на универзитетот;
- ги утврдува работните обврски на вработените и утврдува принципи за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност на високообразовни установи што се во состав на универзитетот;
- донесува програма за меѓународна соработка;
- донесува одлука за пристапување кон Интеруниверзитетската конференција и утврдува насоки за работа и одлучување на своите претставници во неа;
- формира комисија за евалуација на универзитетот и ги избира нејзините членови;
- врши и други работи утврдени со Законот и Статусот на универзитетот.

## Ректор

Ректорот е раководен орган на универзитетот. Мандатот на ректорот е во времетраење од четири години. Неговиот избор е од редот на редовните професори и се избира на начин и под услови утврдени со статусот на универзитетот. Согласно со критериумите за предлагање и избор на ректор и проректори, наставно-научните совети, наставничките совети и советите на членките во состав на универзитетот

предлагаат кандидати за ректор со соодветно образложение. Ректорот, во својата функција раководи, го застапува и го претставува универзитетот во земјата и во странство, и се грижи за законитоста и статутарноста на работата на универзитетот и за статутарноста на работите на установите во неговиот состав.

**Ректорот**, во рамките на работењето во универзитетот ги врши следниве функции:[11]

- ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот;
- ја усогласува високообразовната, уметничката, научноистражувачката и применувачката дејност и другата работа на универзитетот;
- му поднесува на сенатот предлози и одлуки, други општи акти и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во надлежност на сенатот;
- дава иницијативи за свикување на сенатот;
- промовира доктори на науки;
- доделува награди на универзитетот;
- ја води меѓународната соработка на универзитетот и иницира соработка со други универзитети во земјата и странство;
- иницира соработка меѓу високообразовните установи во состав на универзитетот и посредува меѓу нив кога ќе има потреба за тоа;
- управува со имотот на универзитетот и се грижи за неговото одржување;
- врши и други закони утврдени со закон и со статутот на универзитетот.

Ректорот на универзитетот ја координира работата на раководните органи на членките и на придружните членки во неговиот состав, во врска со остварувањето на ставовите, одлуките и заклучоците на универзитетскиот сенат и ректорската управа во

[11] Закон за високо образование, Статут на УКИМ

врска со остварувањето на улогата, задачите и дејноста на универзитетот, утврдени со закон, статут и други акти на универзитетот.

## Универзитетска управа

Покрај сенатот на универзитетот се конституира и универзитетска управа. Универзитетската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на високите стручни школи, директорите на научните установи и еден претставник од студентската организација.

Во надлежност на **универзитетската управа** се следните прашања:[12]

- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува сенатот;
- дава согласност на елаборатите за додипломски и постдипломски студиски програми и за нови профили стручни кадри;
- дава согласност за студиски програми на факултетите, на високите стручни школи и научните установи во неговиот состав;
- ги донесува студиските и предметните програми за интердисциплинарните и за мултидисциплинарните додипломски, постдипломски и докторски студии што, непосредно, ги организира универзитетот;
- одлучува за интердисциплинарните и за мултидисциплинарните научноистражувачки проекти;
- на предлог на ректорот, од пријавените кандидати на јавен конкурс, избира генерален секретар на универзитетот и, по негов предлог го разрешува;

[12] Закон за високо образование, Статут на УКИМ

- избира двајца членови на интеруниверзитетската конференција, со тајно гласање;
- одлучува за рационално вршење на дејноста на факултетите, односно на високите стручни школи кои се во состав на универзитетот;
- ги утврдува начините, односно уметничките области, подрачјата и наставните дисциплини за вршење на високообразовна дејност на универзитетот;
- одлучува за организирање организации и организациони единци на универзитетот;
- донесува одлуки за тековната меѓународна соработка на универзитетот;
- го уредува издавањето на дипломи и на други документи за завршени студии на високо образование;
- утврдува мислење за спојување, поделба или приспојување на одделни факултети или високите стручни школи кои се во состав на универзитетот;
- утврдува мислење за престанувањето на потребата од постоење на определени факултети или високите стручни школи кои се во состав на универзитетот и за нивно трансформирање во приватни високообразовни установи;
- го усогласува кофинансирањето што го воведуваат факултетите и високите стручни школи кои се во состав на универзитетот;
- врз основа на предлог на факултетите и на високите стручни школи, врши изедначување на условите, мерилата и критериумите за запишување на студенти и го објавува конкурсот за запишување на студенти;
- одлучува за издавачката дејност на универзитетот;
- ги усогласува посебните и заедничките интереси од значење за организирање на наставно-образовната, научноистражувачката и уметничката дејност;

- врши и други работи определени со статутот на универзитетот или за кои ќе биде овластена од ректорот.

Ректорот има право да стави вето на одлука на ректорската управа кога смета дека тоа не е од интерес за универзитетот. Високообразовните установи ги имаат следниве органи:

- **Органи на факултетот** се наставно-научниот совет, деканот и факултетската управа.
- **Органи на високата стручна школа** се наставничкиот совет, директорот и управата на високата стручна школа.




**Слика 2: Органи на управување на факултетот**

## Наставно-научен совет

Наставно-научниот совет претставува орган на управување и стручен орган на факултетот. Него го сочинуваат редовните и вонредните професори и доценти, како и претставници од соработниците и студентите. Бројот на претставниците на соработниците и на студентите и времето за кои се избираат се утврдува со статутот на високообразовната установа.

Наставно-научниот совет има повеќе надлежности, и тоа:[13]

- донесува статут;
- донесува четиригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
- избира и разрешува декан и продекани;
- утврдува студиски предметни програми;
- донесува програма за научноистражувачка, односно за уметничка работа;
- врши избор во наставно-научни, наставно-уметнички, научни, наставни и соработнички звања;
- предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на додипломски и на постдипломски студии;
- презема мерки за создавање и за усовршување на наставно-научниот и на уметничкиот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- формира комисија за евалуација на факултетот, ги избира нејзините членови и донесува упатство за евалуација на факултетот;
- формира стручни комисии за признавање на високообразовни квалификации стекнати со странство;
- одлучува за организирање на меѓународни собири, симпозиуми, советувања и слично;
- одлучува за меѓународна соработка;
- предлага и презема мерки за унапредување и за заштита на стандардот на студентите и на вработените;
- врши и други работи утврдени со законот за високо образование и со статусот на факултетот.

[13] Правилник за организација на факултетите при УКИМ

## Декан

Деканот е раководен орган на факултетот. Тој го застапува и го претставува факултетот и се грижи за законитоста и за статутарноста на работата на органите на факултетот. Деканот се избира од редовите на редовните и вонредните професори, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите. Мандатот на деканот е четири години.

**Деканот**, во рамките на вршењето на својата раководна функција:[14]

- ги извршува одликите и заклучоците на наставно-научниот совет;
- се грижи за усогласено вршење на високообразовна, уметничка, научноистражувачка и применувачка дејност;
- ги свикува седниците на наставно-научниот совет, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
- на наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки, општи акти и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
- распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, наставно-уметнички, научни, наставни и соработнички звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани;
- ги промовира дипломираните студенти и доделува награди;
- иницира соработка со сродни установи во земјата и странство;
- врши и други работи, согласно законот, статутот и општите акти на факултетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш годишно, до наставно-научниот совет и до ректорот на универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

[14] Правилник за организација на факултетите при УКИМ

## Деканатска управа

Деканатската управа, односно управата на високата стручна школа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици и претставници на студентите. Деканатската управа ја свикува деканот и тој претседава со единиците.

**Деканатската управа**, во рамките на својата надлежност:[15]

- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно-научниот совет и деканот;
- одлучува за рационално вршење на дејноста на факултетот;
- одлучува за издавачката дејност на факултетот;
- утврдува предлог-студиски програми;
- утврдува предлог-статут;
- утврдува планови и програми за развој;
- води кадровска политика;
- распишува оглас за избор на стручни и на други работници;
- формира работни тела;
- врши и други работи определени со статутот на факултетот.

Деканот има право да стави вето на одлука на факултетската управа кога смета дека е спротивна на законот, на статутот на факултетот и на другите општи акти на универзитетот.

Во нашата држава, и покрај донесувањето на законската регулатива, може да се каже дека отсуствува идејата за воведување современ менаџмент и во воспитно-образовниот систем, а како проблем се јавува и системот на вреднување на професијата. Сметаме дека со усовршувањето на сегашните начини на раководење и

[15] Правилник за организација на факултетите при УКИМ

на управување со образованието, ќе се отвори можност за конкуренција во оваа област.

Кај нас, покрај непостоењето соодветна идеја за воведување современ менаџмент во воспитно-образовниот систем, непостоењето законска и друга регулатива, еден од клучните моменти е и системот на вреднување на таквата професија која се уште не е прифатена, односно анатемисана од просечните непродуктивни кадри кои ги има секаде, па и во високото образование. Сметаме дека современите принципи и методи на раководење и управување со образованието се неминовност и тие мора да бидат афирмирани бидејќи отворањето на законска можност за конкуренција во оваа област ќе ги принуди институциите на тоа.

## 2.3. Координирање во високото образование

Во воспитно-образовните, научноистражувачките и во едукативните институции, секојдневно се извршуваат многубројни активности кои ги извршуваат наставниците, соработниците, воспитувачите, истражувачите, организаторите, управувачите и помошно-техничките кадри. Успешното извршување на овие активности кое се поставува како цел на секоја институција, зависи од тоа дали постои усогласеност и синхронизираност помеѓу вршењето на овие активности, како и помеѓу самите извршители што, во литературата, е познато како поимот координација. Поконкретно, координирањето е онаа постојана осмислена дејност во управувањето со факултетите преку која се внесува хармонија, паралелност, пропорционалност и ритмичност во работата на извршителите, со цел да се постигне посакуваниот резултат во строго определено време. Преку оваа дејност се обезбедува неопходното заемно дејство помеѓу членовите на организацијата, за да може таа да функционира како една целина.

**Координирањето** претставува функција на современиот менаџмент којашто подразбира постапки за остварување на формулираните цели, комуницирање со сите со цел да се обезбеди синхронизираност, усогласеност и кооперативност, обезбедување добри работни односи, единство во активностите и слично. Според

некои автори координацијата, како функција на менаџерите, има решавачко значење за успехот на високообразовните институции. Тоа е можно затоа што, преку добрата координирачка активност на менаџерите, се мобилизираат напорите на сите поединци и на групи во колективот, кон остварување на општо поставената цел.

Раководителите, односно менаџерите од воспитно-образовните, научноистражувачките и од едукативните институции, процесот на координација го остваруваат на повеќе нивоа меѓу кои најзначајни се:[16]

- координација, синхронизација и хармонизирање на односите во самата институција: универзитет, факултет, институт и слично;
- координација со општественото и социјалното опкружување, како што се: институција држава, институција стопанство, институција, државни органи и слично;
- координација на воспитно-образовните, научноистражувачките и на едукативните институции со органите кои имаат директно влијание со нивното работење, како што се: Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Просветната инспекција и друго;
- координација и усогласување со пазарот на работна сила, особено со работодавците со цел да се координира образовната понуда која треба да соодветствува со побарувачката на образовните услуги, по видови и степени на образование.

Координацијата се јавува како императив за остварување на општите цели, поставени пред институцијата и пред нејзините раководители - менаџери. Оваа појава е карактеристична за високообразовните и научноистражувачките институции, каде индивидуалноста во работата е препознатлива во секој поглед.

Координацијата може да биде: хоризонтална, вертикална и дијагонална.

---

[16] Гоцевски, 2010, стр. 271

**Вертикалната координација** се практикува во сите видови организации, вклучувајќи ги и воспитно-образовните, научноистражувачките и едукативните институции. Таа се одвива меѓу различните нивоа на управување.

**Хоризонталната координација** се одвива меѓу луѓето на иста организационо ново и на иста поставеност.

**Дијагоналната координација** се појавува помеѓу различни нивоа на функции во институцијата.

## 3. Високообразовните установи како организациски систем

Во Република Македонија функционираат пет државни универзитети:

- Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- Универзитетот ,,Св. Климент Охридски" во Битола;
- Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип;
- Државниот универзитет во Тетово;
- Универзитет за информатички технологии и науки ,,Св. Апостол Павле" во Охрид.

Во Република Македонија започна и процесот на отворање на приватни високообразовни институции. Во почетната фаза се формираа голем број високошколски установи, најчесто како оддели на поразвиените универзитети од странство, кои се занимаваат со продукција на тесни профили од подрачјата на: информатиката, административниот менаџмент, хуманистичкото образование и сл. Во следната фаза се формираа и домашни високообразовни институции, кои со добиените акредитации во Република Македонија, високото образование беше

збогатено со следниве приватни универзитети и самостојни високообразовни институции:[17]

- Европски универзитет во Скопје;
- Универзитет на Југоисточна Европа (ЈИЕ) во Тетово;
- Универзитет ФОН во Скопје;
- Универзитет ,,Њујорк" во Скопје;
- Универзитет ,,Американ Колеџ" во Скопје;
- Приватна високообразовна установа – Факултет за туризам во Скопје;
- Факултет за меѓународни економски односи во Скопје;
- Нов балкански факултет за технички науки во Скопје;
- Нов балкански факултет за општествени науки во Скопје;
- Факултет за бизнис – економија во Скопје;
- Раководење со јавна администрација во Скопје;
- МИТ – Факултет за менаџмент и информациски технологии во Скопје;
- Приватна висока стручна школа – Академија Италијана во Скопје.

Во рамките на високообразовниот систем во државата функционираат и два верски факултети: Православен-богословски факултет, Скопје и Факултет за исламски науки во с.Кондово, Скопје.

Глобализацијата, а пред сѐ, современиот пазар на трудот наметнаа нови барања и нови односи со образованието, манифестирајќи ја својата моќ на влијание, како на национално, така и на меѓународно рамниште. Процесите на трансформација ја глорифицираа потребата од флексибилна и динамична образовна понуда која можат да ја задоволат само флексибилни и динамични високообразовни установи. Поради тоа, државните високообразовни установи мора да ја надминат својата инертност и нефлексибилност и мора да развијат нова структура и организациска поставеност кој ќе биде компатибилна со промените во општеството.

[17] Министерство за образование и наука

Преземањето на обврските од Болоњскиот процес од државата, го става високото образованието пред нови предизвици во неговата натамошна трансформација.

Покрај редовните настојувања за подигнување на квалитетот на студиите и за нивната ефикасност, високообразовните установи се соочуваат и со обврските за сопствено структурно, организациско и програмско дизајнирање, кое ќе биде транспарентно, конкурентно, компатибилно и препознатливо на домашниот и на европскиот пазар на образовни услуги.

Во рамките на програмата за спроведување на Болоњскиот процес, високото образование во Република Македонија треба да ги задоволи потребите за:[18]

- структурно приспособување на високообразовниот систем во зависност од препораките произлезени од Болоњскиот процес;
- донесување нова и усогласување на постојната законска регулатива која ќе овозможи коректна имплементација на препораките произлезени од Болоњскиот процес;
- усогласување на постојните и воведување нови нормативи и стандарди во високото образование компатибилни со европските;
- зајакнување на мобилноста на наставниците и универзитетската администрација;
- зајакнување на системот за стипендирање кој ќе овозможи засилена образовна мобилност на студентите;
- промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот преку развивање на систем за екстерна и интерна евалуација по пат на споредливи критериуми и методологија;
- осовременување на концептот и строго почитување на стандардите за основање и акредитација на нова високообразовна установа;

[18] http://www.soros.org.mk/dokumenti/20081610obrazovanie_preporaki.pdf

- зголемување на зафатот за високото образование од БДП на ниво на европските тенденции во оваа област;
- развивање ефикасен систем за финансирање во високото образование и алокација на финансиските ресурси;
- подобрување на стратегиските и менаџерските капацитети на универзитетите;
- развивање на научни и технолошки стратегии;
- зголемување и транспарентно финансирање на научноистражувачката дејност;
- воспоставување на база за национални системи за иновации на образовниот сектор.

Реализацијата на овие цели треба да се изврши со целосно почитување на културните вредности и разлики, јазикот, националните системи на образование и пред сè, автономијата на универзитетите. Тоа треба да резултира со: зголемена ефикасност во студирањето; мобилност на студентите и на академскиот кадар; подобрен квалитет на образовниот процес; активна улога на студентите во управување и во обезбедување на квалитет; зголемување на можноста за вработување на дипломираниот кадар на националниот и европскиот пазар на трудот; засилена научноистражувачка работа и осигурена конкурентност и компатибилност на европскиот и светскиот академски пазар.

Квалитетот и резултатите во високото образование со судирот со овие предизвици, во најголема мера, ќе зависи од тоа со какви капацитети ќе располага (материјални, инфраструктурни и кадровски) и на каква поддршка ќе може да смета од државата. Трансформациските процеси директно ќе зависат од капацитетите за добро управување што ги поседуваат високообразовните установи и кои во најголема мера ќе одиграат пресудна улога, од аспект на квалитетот, во реструктурирањето во високото образование во Македонија.

## 3.1. Во што се состои образовната понуда?

Секоја организација, претпријатие или институција е основана да остварува определено производство или да дава определени услуги кои се ценат на пазарот. Оттука, образовните институции се основани за давање на образовни услуги, кои исто така се предмет на пазарната валоризација, што значи нивни производ кој треба да се процени и да се вреднува од индивидуите кои имаат потреба од него и кои ја формираат образовната побарувачка. Според тоа, образовната понуда ја сочинуваат определени образовни услуги кои се нудат и имаат квалитет и содржина со кои се гарантира определено ниво на знаење, потребно за извршување на определени работи. Во тие услуги, во основа спаѓаат:

- **Наставни услуги** - се состојат од наставата за стекнување знаење со која индивидуата добива едукативна вредност, вежби со иста намена, семинари, колоквиуми, дискусии, дополнителна настава, истражување, теренска настава, практична настава, стажирање и сл.
- **Услуги за вреднување на стекнатите знаења** – дипломскиот испит, испитите, колоквиумите, прегледување и вреднување на писмените испити, семинарски работи, проектни задачи и сл.
- **Услуги кои се даваат со помош на материјално-технички средства** – помагала, нагледни средства, библиотекарски услуги, преку учебници, скрипти, поширока литература, информатички центар и сл.
- **Административни услуги** – приемни и квалификациони услуги, испити, уписи, водење евиденција, издавање документи и сертификати, издавање на дипломи, давање препораки и сл.
- **Останати услуги** – простор за изведување на образовната дејност, затоплување, електрична енергија, вода, хигиена и сл.
- **Други услуги** – можност за истражувачка работа, издавачка дејност, пропаганда, културно-уметнички содржини, спортско-рекреативни содржини и сл.

- **Споредни услуги** – производи и услуги кои можат да ги понудат на пазарот образовните институции, а се сврзани со профилот на кадрите што ги оспособува. Угостителските установи можат да даваат угостителски услуги, техничките факултети можат да даваат определени услуги за стопанството, медицинскиот факултет може да дава здравствени услуги и сл.

Фактори кои ја определуваат образовната понуда, по квалитет, квантитет и содржини се:

- **Човечки ресурси** во кои спаѓаат: наставниот кадар, истражувачкиот кадар, административниот кадар и студентите;
- **Материјалниот фактор** го сочинуваат: бројот и видовите на образовните институции, опременоста со материјално-технички и нагледни средства, училишна опрема, лаборатории, библиотеки, фискултурни сали и сл.

## 4. Мрежа на високообразовни установи во РМ

Во Република Македонија функционираат пет државни универзитети:

- Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- Универзитетот ,,Св. Климент Охридски" во Битола;
- Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип;
- Државниот универзитет во Тетово;
- Универзитет за информатички технологии и науки ,,Св. Апостол Павле" во Охрид, и следните приватни образовни установи:

- Европски универзитет во Скопје;
- Универзитет на Југоисточна Европа (ЈИЕ) во Тетово;
- Универзитет ФОН во Скопје;
- Универзитет ,,Њујорк” во Скопје;
- Универзитет ,,Американ Колеџ” во Скопје;
- Приватна високообразовна установа – Факултет за туризам во Скопје;
- Факултет за меѓународни економски односи во Скопје;
- Нов балкански факултет за технички науки во Скопје;
- Нов балкански факултет за општествени науки во Скопје;
- Факултет за бизнис-економија во Скопје;
- Раководење со јавна администрација во Скопје;
- МИТ – Факултет за менаџмент и информациски технологии во Скопје;
- Приватна висока стручна школа – Академија Италијана во Скопје.

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј"*

Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје е првиот државен универзитет во Република Македонија, формиран во 1949 година со три факултети. Денес, тој претставува заедница на 23 факултети, 9 научни институти и 11 придружни членки од кои 4 се јавни научни институти. Неговата дејност е уредена со Законот за високото образование и со Статутот на Универзитетот. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје развива студиски програми во сите научни области - општествените, техничките, природно-математичките, медицинските, биотехничките и во уметностите, а истражувачката работа, освен на факултетите, се одвива и на научните институти во состав на Универзитетот.

Сликата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, конкретно, може да се претстави низ следниве бројки: во наставно-образовниот процес на сите факултети се вклучени околу 50 000 студенти од Република Македонија во сите циклуси на студии, како и повеќе од 700 странски студенти, а над 2 700 наставно-научни и

соработнички кадри го изведуваат наставно-образовниот и научниот процес на факултетите и институтите.

Во досегашниот развој на Универзитетот се создадени над 126 000 високостручни кадри, над 5 300 магистри и специјалисти и точно 2 923 доктори на науки од сите наставно-научни области. Во вкупната дејност на Универзитетот посебен белег имаат спортските, уметничките, информативните, рекреативните и други активности организирани во разни друштва, сојузи, клубови и слично.[19]

*Универзитет „Св. Климент Охридски"*

Универзитетот ,,Св. Климент Охридски" во Битола, познат под акронимот УКЛО, е вториот државен универзитет во Република Македонија, најзначајна установа од областа на високото образование во регионот на Југозападна Македонија.

Седиштето на Универзитетот е во Битола, а високообразовните и научноистражувачките единици во неговиот состав и дисперзираните студии сместени се во повеќе центри: Битола, Прилеп, Охрид, Скопје, Велес и Кичево.

Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, годишно, во просек, привлекува околу 3 000 нови студенти, а вкупниот број на студенти, во последниов период непрекинато се движи околу 12 000 студенти.

*Универзитет „Гоце Делчев"*

Универзитетот „Гоце Делчев" основан е од страна на Собранието на Република Македонија на 27 март 2007 година. Универзитетот е лоциран во 11 македонски градови: Штип, Струмица, Кочани, Радовиш, Пробиштип, Виница, Св. Николе, Гевгелија, Кавадарци, Прилеп, Скопје и Берово. За прв ректор на Универзитетот „Гоце Делчев" е избран проф. д-р Саша Митрев.

[19] http://www.fakulteti.mk/vou/drzavni/ukim.aspx

На Универзитетот студираат повеќе од 5 000 студенти и работат повеќе од 400 вработени. Во наредните две–три години се очекува да биде постигната бројка од над десет илјади студенти. Во првата студиска година на Универзитетот се запишаа 1 300 студенти.

### *Државниот универзитет во Тетово*

Државниот универзитет во Тетово основан е на 17 декември 1994, но како државен универзитет останува непризнаен од властите сè до јануари 2004. Моментален Ректор на универзитетот е проф. Неџбедин Беадини. Наставата главно се одвива на албански јазик, но исто така и на македонски и други јазици.

### *Универзитет за информатички технологии и науки „Св. Апостол Павле" во Охрид*

Универзитетот за информатички технологии и науки ,,Св. Апостол Павле" во Охрид е регистриран во Централниот регистер на Република Македонија во јули 2009 година, додека неговиот статут официјално беше одобрен во август 2010 година од страна на Собранието на Република Македонија.

Главнате цели за основање на овој универзитет е да се одговори на зголемената побарувачка, како на локално така и на глобално ниво, за:

- добро квалификувани и добро обучени IT техничари;
- иновативни инженери и истражувачи,

како и да им се обезбеди на студентите солидна основа за добивање повисока диплома на врвните меѓународни училишта во областа на информатичката технологија и наука.

Освен државните универзитети, свое место во високото образование заседоа и приватните универзитети, од кои најстариот ЈИЕ е формиран во 2001 година, додека останатите постојат од 3 – 6 години.

*ФОН Универзитет*

ФОН Универзитет е создаден во 2003 година како Европски Универзитет - Република Македонија. Од 2006, универзитетот егзистира под брендот ФОН-Универзитет. Универзитетот е комплетна институција која оди во чекор со современите светски едукативни трендови и своето име го гради врз цврстите темели на најквалитетниот стручен кадар од државата и надвор, притоа користејќи ги сите модерни средства и методи за едукација.

Фон Универзитетот е првиот приватен универзитет кој претставува репер за современото високо образование во европски рамки. Тој е комплетна институција која оди во чекор со современите светски едукативни трендови и своето име го гради врз цврстите темели на најквалитетниот стручен кадар од државата и надвор, притоа користејќи ги сите модерни средства и методи за едукација.

*Универзитет на Југоисточна Европа (ЈИЕ)*

Универзитет на Југоисточна Европа (ЈИЕ) - Во 2000 година, Високиот Комисионер за национални малцинства на ОБСЕ даде иницијатаива за дискусија за фондација на интернационални донатори за нов универзитет во Република Македонија. Следејќи го усвојувањето на Законот за високо образование, од страна на Парламентот на Република Македонија, кој дозволува основање на универзитети со *не-државно финансирање и главно предавање на албански јазик*, деталното планирање започна кон крајот на 2000 година. Изградбата започна во март 2001 и Универзитетот на Југоисточна Европа (ЈИЕ) се отвори шест месеци подоцна со 900 студенти. Во октомври 2002 бројот на студенти се зголеми на 2 250, а во октомври 2003 ЈИЕ имаше 3 700 студенти.

Од отворањето на овој Кампус во Тетово, во октомври 2001 година успеа да се етаблира како универзитет воден од квалитетот, финасиски одржлив и како модел на една мултиетничка, мултијазична високообразовна институција во Југоисточна Европа. Понатаму, успеа да ги комбинира најдобрите искуства од САД и од Европа и продолжи

да ги користи сознанијата од академската соработка со Комисијата на Европската Унија и со УСАИД , како и со другите донатори. Се користат и стипендии поддржани и обезбедени од Кралството Холандија и од Институтот Отворено Општество.

Од своето основање во 2001 година, ЈИЕ влезе во категоријата на најдобри и најиновативни универзитети во регионов. ЈИЕ има висока меѓународна репутација за квалитетно учење, им нуди можност на студентите да бидат дел од единствено и модерно искуство во образованието, им нуди можност да се надградуваат со знаења и со потребни професионални вештини за да биде успешни на професионалниот пазар на трудот.

*Европски Универзитет*

Активностите на Европскиот универзитет беа признаени на 01 јуни 2005 година кога беше акредитиран од страна на Одборот за акредитација на Република Македонија. Следната, 2006 година е впечатлива по основањето и акредитацијата (ноември 2006) на уште три нови факултети: Факултет за комуникации и медиуми, Факултет за јавна администрација и Факултет за арт и дизајн. Дотогаш постоеја Факултетот за економски науки и Факултетот за информатика кои ги задоволуваат растечките потреби за современо образование во Република Македонија и регионот. Покрај тоа, истата година (18 мај 2006) според одлуката Бр. 12 на Одборот за акредитација на Република Македонија, беше потврдена адекватноста на програмите на Европскиот универзитет согласно европските стандарди на 3+2 модулот на студирање.

Денес Европскиот Универзитет е модерна високообразовна институција, која постојано ја унапредува својата образовна, кадровска и материјална основа. Универзитетот обезбедува кадровска поддршка во реализација на процесот на транзиција на системот.

Наставата се одржува со најсовремена информациона и аудио-визуелна технологија, која на студентите им помага во добивање на нови знаења, како и во работата на наставниот кадар. Знаењето кое е потребно да им се пренесе на

студентите, бара врвни професори, предавачи и соработници. Универзитетот води сметка за селекција, професионален развој и усовршување на сите вработени.

Европскиот универзитет се етаблира во Универзитет кој континуирано го развива и унапредува процесот на добивање знаења и образованието, истовремено создавајќи висококвалитетна едукативна и натпреварувачка средина. ЕУ се определи за квалитет, за примена на најдобрите практики на високото образование во сопственото работење. Како резултат на таквата определба, ЕУ станува членка на ИАЦБЕ во 2005, а по исполнувањето на условите се здобива со статус Кандидат за акредитација на 04 август 2006 година. Тргнувајќи од насоките и начелата на ИАЦБЕ, ЕУ разви План за проценка на резултати врз основа на кој е извршена самоевалуација во академската 2006/2007.

*Универзитет „Евро-Балкан"*

Универзитетот „Евро-Балкан" природно израсна од децениските образовни и истражувачки искуства на Институтот „Евро-Балкан" и како производ на долгогодишниот сериозен научен и истражувачки ангажман на вработените, во најчиста форма го отсликува критичкиот дух и залагањето за академски квалитет кои отсекогаш биле водечките идеи на Институтот. Охридскиот летен универзитет, првата меѓународна академска институција која веќе 15 години во Македонија ги носи најквалитетните академски содржини од светот, како и бројните алтернативни и неформални образовни програми, го умрежија „Евро-Балкан" со водечките образовни институции во светот и ги обликуваа студиските програми на Универзитетот.

Во својата дејност „Евро-Балкан" промовира интердисциплинарен пристап во изучувањето и истражувањето на сложените проблеми со кои се соочуваат Македонија и регионот на Југоисточна Европа. Како наставно-научна целина, во структурата Универзитетот обединува наставна и истражувачка единица. Институтот „Евро-Балкан" е практичната, апликативна страна на Универзитетот, преку која се реализираат истражувачки проекти и во рамките на која студентите имаат можност и самите да ги применуваат стекнатите знаења и вештини. Универзитетот „Евро-Балкан"

е насочен кон развој на најсовремените научно-истражувачки програми и на интердисциплинарното учење во општествените и хуманистичките науки, особено во областите кои пионерски ги воведе во Македонија и кои се отсликуваат во структурата на неговите студиски програми: родовите студии, културните студии на Балканот, византолошките студии, антрополошките студии и политичките студии на Југоисточна Европа.

## 4.1. Новоотворени факултети и дисперзирани студии

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државниот универзитет ,,Гоце Делчев" во Штип, Законот за основање на Технолошко-техничкиот факултет, Ветеринарниот и Правниот факултет во состав на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски" во Битола, Законот за основање на високообразовна установа, Факултетот за безбедност во состав на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски" во Битола, Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет во Тетово, Владата на Република Македонија отвори нови 10 факултети.

На **Универзитетот Св. Климент Охридски"** во Битола, отворени се три нови факултети и тоа:

- Факултет за безбедност во Скопје;
- Правен факултет во Кичево;
- Техничко-технолошки факултет во Велес.

Вкупно запишани студенти во прва година во учебната 2008/2009 година на овие факултети се 682 студенти. Ветеринарниот факултет започнува со работа во 2009 година.

Во **Државниот универзитет ,,Гоце Делчев"** во Штип во учебната 2008/2009 година отворени се 6 нови факултети и тоа:

- Правен факултет во Кочани;
- Факултет за музичка уметност;
- Факултет за туризам, бизнис и логистика во Гевгелија;
- Електротехнички факултет во Радовиш;
- Машински факултет во Виница;
- Технолошко-технички факултет во Пробиштип.

Во академската 2008/2009 година на овој Универзитет се запишале вкупно 557 студенти.

На **Државниот универзитет во Тетово** отворен е нов факултет, и тоа Факултет за бизнис и администрација во Куманово и се отворени две студиски насоки на постоечкиот факултет. На трите уписни рока во 2008/2009 година запишани се вкупно 445 студенти.

На Државните Универзитети во Република Македонија беа отворени повеќе дисперзирани студиски насоки во рамките на постоечките факултети и тоа: на **Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј**" во Скопје отворена е нова дисперзирана насока на Правниот факултет ,,Јустинијан 1" во Велес.

На **Универзитетот Св. Климент Охридски"** во Битола во рамките на 7 факултети отворени се 17 дисперзирани наставни студии и тоа:

- дисперзираните студии во Битола на Правниот факултет во Кичево;
- дисперзираните правни студии во Струга на Правниот факултет во Кичево;
- технолошко-технички дисперзираните студии во Кичево на технолошко-технчкиот факултет во Велес;
- дисперзираните студии по информатика и компјутерска техника (тригодишни студии) во Прилеп на Техничкиот факултет во Битола;

- дисперзираните студии по информатика и компјутерска техника (тригодишни студии) во Велес на Техничкиот факултет во Битола;
- дисперзираните студии по безбедност и финансиска контрола во Охрид на Факултетот за безбедност во Скопје;
- дисперзираните студии по туризам и угостителство во Велес на Факултет за туризам и угостителство во Охрид.

На **Државниот факултет ,,Гоце Делчев”** во Штип во академска 2008/2009 година отворени се повеќе дисперзирани студиски насоки на постојните факултети и тоа:

- дисперзираните студии по финансиски менаџмент во Струмица на Економскиот факултет во Штип;
- дисперзираните студии по енологија во Кавадарци на Земјоделскиот факултет во Штип;
- дисперзираните студии по преработка на земјоделски производи во Свети Николе на Земјоделскиот факултет во Штип;
- дисперзираните студии со интегрално земјоделско производство во Струмица на Земјоделскиот факултет во Штип;
- дисперзираните студии по информатика во Струмица на Факултетот по информатика во Штип.

На **Државниот универзитет** во Тетово во 2008/2009 академската година отворена е една студиска насока - Екологија во Струга при Институтот за екологија и технологија – Тетово.

Со овие нови законски решенија, постојната мрежа на високообразовните установи во Република Македонија од академската 2007/2008 година претрпе промени.

## 5. Структура и содржина на образовната дејност на наставата и работата во високообразовните установи во РМ

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“** формиран е на 24 април 1949 година со три факултети, а денес претставува заедница на 23 факултети, 9 научни институти (5 составни и 4 кои соработуваат со универзитетот) и 6 други институции. За прв ректор е избран Кирил Миљовски, а сегашен ректор е Велимир Стојковски. Структурата на Универзитетот е следна:[20]

| ФАКУЛТЕТИ |
| --- |
| Архитектонски факултет |
| Градежен факултет |
| Економски факултет |
| Машински факултет |
| Медицински факултет |
| Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ |
| Правен факултет „Јустинијан Први“ |
| Природно-математички факултет |
| Стоматолошки факултет |
| Технолошко-металуршки факултет |
| Факултет за ветеринарна медицина |
| Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер |
| Факултет за драмски уметности |
| Факултет за електротехника и информациски технологии |
| Факултет за земјоделски науки и храна |
| Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство |
| Факултет за ликовни уметности |
| Факултет за музичка уметност |
| Факултет за физичка култура |
| Фармацевтски факултет |
| Филозофски факултет |
| Филолошки факултет „Блаже Конески“ |
| Шумарски факултет |
| **ИНСТИТУТИ** |
| Економски институт |
| Земјоделски институт |
| Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија |

[20] МОН

| |
|---|
| Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| Институт за сточарство |
| **ПРИДРУЖНИ ЧЛЕНКИ - ЈАВНИ НАУЧНИ УСТАНОВИ** |
| Институт за македонска литература |
| Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" |
| Институт за национална историја |
| Институт за фоклор „Марко Цепенков" |
| **ПРИДРУЖНИ ЧЛЕНКИ - ДРУГИ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ** |
| Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје |
| **ПРИДРУЖНИ ЧЛЕНКИ - ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ** |
| Академско културно-уметничко друштво „Мирче Ацев" - Скопје |
| Државен студентски дом „Пелагонија" - Скопје |
| Државен студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ" - Скопје |
| Државен студентски центар „Скопје" - Скопје |
| З.У. Студентска поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје |
| Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" – Скопје |

***Табела 1: Структура на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје***

**Универзитетот ,,Св. Климент Охридски"** во Битола денес вклучува десет факултети и една стручна школа како високообразовни единици, три научни институти, и две придружни членки.

Првиот циклус на универзитетските студии трае од три до четири години и со неговото завршување се стекнуваат од 180 до 240 ЕКТС кредити. Студентите кои ги завршиле додипломските студии се стекнуваат со соодветна Диплома за стручни студии – по завршување на студиска програма во траење од три години, односно 180 ЕКТС кредити или Диплома за академски студии – по завршувањето на студиска програма во траење од најмалку три години, односно најмалку 180 ЕКТС кредити во зависност од организирањето на студиите во посебната високообразовна единица во состав на УКЛО.

Академските студиски програми од додипломските студии ги оспособуваат студентите за влез во вториот циклус на универзитетски студии, а академскиот назив којшто студентите го добиваат по нивното завршување гласи bachelor.

Структурата на Универзитетот е следна:[21]

| Факултети |
| --- |
| Технички факултет |
| Факултет за биотехнички науки |
| Ветеринарен факултет |
| Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи |
| Педагошки факултет |
| Технолошко -технички факултет- Велес |
| Економски факултет - Прилеп |
| Факултет за безбедност-Скопје |
| Правен факултет -Кичево |
| Факултет за туризам и угостителство-Охрид |
| **Институти** |
| Институт за тутун |
| Хидробиолошки завод |
| Институт за старословенска култура |
| **Придружни членки** |
| НУУБ ,,Св.Климент Охридски" |
| Студентски дом ,,Кочо Рацин" |

***Табела 2: Структура на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски"***

**Универзитетот ,,Гоце Делчев"** во Штип е организиран како најголемиот број европски универзитети. Функционира според моделот на интегриран универзитет. Со Универзитетот раководи ректорот. Орган на управување и стручен орган на Универзитетот е Универзитетскиот сенат.

Универзитетот ,,Гоце Делчев" во 2007 година започна со 7 факултети и една висока школа: Факултет за рударство, геологија и политехника, Педагошки факултет, Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Правен факултет, Економски факултет, Факултет за музичка уметност и Висока здравствена школа. Денес, Универзитетот интегрира 13 факултети и една висока школа, воведувајќи преку 20 нови студиски програми на петте нови факултети: Факултет за медицински науки,

[21] МОН

Технолошко-технички факултет, Електротехнички факултет, Машински факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика.[22]

## Факултети

На Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се организираат универзитетски стучни студии од прв, втор и трет циклус. Единици во состав на Универзитетот се:

1. Факултет за образовни науки
2. Факултет за природни и технички науки
3. Земјоделски факултет
4. Факултет за информатика
5. Економски факултет
6. Правен факултет
7. Факултет за музичка уметност
8. Факултет за медицински науки
9. Факултет за туризам и бизнис логистика
10. Филолошки факултет
11. Електротехнички факултет
12. Технолошко-технички факултет
13. Машински факултет
14. Високата здравствена школа.

## Центри

Универзитетски културен центар

Универзитетски спортски центар

Центар за односи со јавноста

Центар за доживотно учење

Центар за електронско учење

Центар за обезбедување на квалите

Центар за меѓууниверзитетска соработка

Информативно-технолошки центар

Канцеларија за кариера

Алумни клуб

## Институти

Институт за историја и археологија

Институт за гастрономија, исхрана и диететика.

## Други внатрешни организациони единици

Универзитетска библиотека

***Табела 3: Структура на Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип***

[22] http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/

**Универзитетот за информатички технологии и науки ,,Св. Апостол Павле"** во Охрид во своите рамки интегрира 5 факултети и тоа:

- Факултет за информациски теории и анализи;
- Факултет за информатички системи, визуализација, дигитална мултимедија и анимациска техника;
- Факултет за компјутерски науки и инженерство;
- Факултет за комуникациски мрежи и безбедност;
- Факултет за машинска интелегенција и роботика.

Во моментов при **Државниот универзитотот во Тетово** има пет факултети:

- Факултет за природни науки;
- Економски факултет;
- Политехнички Факултет;
- Факултет за хумани науки и уметност;
- Правен факултет.

**Фон Универзитетот** нуди додипломски, постдипломски студии и докторски студии на сите од акредитираните факултети. Студирањето на ФОН се врши по Болоњскиот процес, со примена на европскиот систем за префрлување на кредити.

На слика 5 е претставена организациската структура на Фон Универзитетот.




*Слика 3: Организациска структура на Универзитетот-ФОН*

Во моментов ФОН-Универзитетот ги има акредитирано 10 факултети:[23]

- Факултет за правни науки;
- Факултет за политички науки;
- Факултет за применети странски јазици;
- Факултет за детективи и безбедност;
- Факултет за економски науки;
- Факултет за животна средина;
- Факултет за информациски и комуникациски науки;
- Факултет за спорт и спортски менаџмент;
- Факултет за арт и дизајн;
- Филозофски факултет;

[23] Статут на ФОН-Универзитетот

**Универзитет ЈИЕ** нуди широк избор од првиот циклус на тригодишни студиски програми (180 ЕКТС) со можност за редовни студии и студии од „дистанца“.

Сите студиски програми кои се нудат се модуларни и го следат системот на кредити ЕКТС (European Credit Transfer System), по кој дипломите на ЈИЕ се широко прифатени во меѓународната академска и професионална сфера.

Студиите на ЈИЕ Универзитетот се базираат на системот 3+2+3, што значи дека секоја студиска програма може да се продолжи преку специјализирани постдипломски студии (мастер), кои се во времетраење од 2 години (120 трансфер кредити) и потоа со докторски студии за комплетирање на знаењата во рамките на одредената област. Универзитетот ЈИЕ има акредиирано 5 факултети:

- ➔ Правен факултет;
- ➔ Факултет за бизнис и економија;
- ➔ Факултет за јавна администрација и политички науки;
- ➔ Факултет за јазици, култура и комуникација;
- ➔ Факултет за современи науки и технологии.

Сите студиски програми што се нудат од Универзитетот на ЈИЕ се акредитирани од Бордот за акредитација на Република Македонија и квалитетот на програмите е во постојана контрола од механизмите за обезбедување на квалитетот, кои опфаќаат амбициозна програма за развој на кадарот, надгледување на наставата и многу други работи.

ЈИЕ во продолжение се обидува да аплицира интерактивен пристап, при тоа ставајќи го студентот во центарот на вниманието во сите активности и услуги што ги нуди, а истовремено овозможувајќи и развој на кадарот. ЈИЕУ има блиска соработка и стратешки сојуз со најреномираните универзитети за програмите за развој на кадарот.

Во моментов на **Европскиот универзитет** – Република Македонија постојат седум факултети:

- Факултет за економски наука;
- Факултет за информатика;
- Факултет за правни науки;
- Факултет за политички науки;
- Факултет за арт и дизајн;
- Факултет за детективи и криминалистика;
- Факултет за стоматологија.

Наставниот кадар на **Универзитетот „Евро-Балкан"** го сочинуваат научници, стручњаци во своите области, кои со својата работа поставиле високи академски стандарди, но и млад научно-наставен кадар, составен од доктори на науки и докторанди, чија мисија е доследно спроведување на стандардите за академски квалитет и критичко мислење. Целта која пред себе си ја постави Универзитетот „Евро-Балкан" е да придонесува кон преобразба на националната и регионалната научна и образовна реалност преку нејзино доближување кон европските стандарди.

Структурата и студиските програми на Универзитетот ,,Евро-Балкан" – Скопје се следниве:

Студии од прв циклус (тригодишни додипломски студии):[24]

- Факултет за студии на Југоисточна Европа;
- Студии на Југоисточна Европа Факултет за студии на културата;
- Студии на културата Факултет за социјална антропологија;
- Студии на социјалната антропологија;
- Висока стручна школа за моден дизајн;
- Стручни студии за моден дизајн.

Студии од втор циклус (едногодишни и двегодишни последипломски студии, организирани од Институтот за општествени и хуманистички истражувања):

[24] Статут на Универзитетот ,,Евро-Балкан"

- Родови студии (филозофија и род, социологија и род);
- Студии на Југоисточна Европа;
- Византолошки студии;
- Студии на културата.

# II. Методологија на истражувањето

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување е организацијата и структурата на високото образование во Република Македонија, односно реализација на наставата и работата на високообразовните институции, како и структура и содржина на образовната дејност во високообразовните институции.

Истражувањето ќе опфати дел од приватните и дел од државните универзитети во Република Македонија.

Предметот на истражувањето ќе ги опфати следните фактори:

- понуда на универзитети и распределба на студенти;
- планирани, пријавени и запишани студенти за учебната 2011/2012 година за приватните и државните универзитети, на новоотворените факултети и на дисперзираните студии;
- висина на школарини;
- најзастапени студиски програми.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Цел на истражувањето е да се увиди каква е структурата и организацијата на високото образование во Република Македонија. Ова истражување ќе биде емпириско и евалуациско истражување за вреднување на нивото и квалитет на високообразовните институции, наставата, работата, содржината и структурата на образовната дејност.

Истражувањето ќе биде современо, со дескриптивен карактер.

## 3. Задачи на истражувањето

Целта на истражувањето е конкретизирано низ следниве задачи:

1) Каква е организацијата на образовните институции;
2) Каква е реализацијата на наставата и работата на високообразовните институции;
3) Каква е структурата и содржината на образовната дејност во високообразовните институции;
4) Каква е понудата на универзитетите и распределбата на студентите;
5) Колкав е бројот на планирани, пријавени и запишани студенти во академската 2011/2012 година на приватните и државните универзитети, на новоотворените факултети и на дисперзираните студии;
6) Каква е висината на школарината и кои се најзастапените студиски области.

## 4. Хипотези

Врз основа на предметот и целта на истражувањето ги поставуваме следните хипотези:

**Општа хипотеза** е дека постои современа и квалитетна организација на високото образование во Република Македонија.

**Посебни хипотези** се:

- Мрежата на државни и приватни универзитети ја задоволува потребата од високообразовни институции во Република Македонија, со оглед на тоа дека сите поголеми подрачја во во Република Македонија се покриени со потребата на идните студенти да студираат во својот град или во блиската околина;

- ❖ Бројот на планирани студенти не е соодветен со бројот на предвидени и со бројот на запишани студенти во академската 2011/2012 година на приватните и државните универзитети, на дисперзираните студии и на новоотворените факултети;
- ❖ Висината на школарините на државните универзитети е варијабилна во зависност од видот на студирање, но е пониска за разлика од приватните универзитети, каде што исто така варира во зависност од универзитетот и поединечните факултети;
- ❖ Постои значајна разлика меѓу приватните и државните факултети во однос на најзастапените студиски области.

## 5. Варијабли на истражувањето

Постојат два вида на варијабли на истражување: независна и зависна. Независна варијабла во истражувањето се државните и приватните универзитети. Зависни варијабли се: бројот на планирани и запишани студенти, висината на школарина и студиските области.

## 6. Методи ,техники и инструменти на истражувањето

Од методите, во ова истражување ќе се користи методот на анализа, индуктивниот метод и дескриптивниот метод.

Согласно поставените задачи ќе бидат применети техниките: анализа на документите и анкетирање.

Од инструментите ќе бидат употребени прашалници. Инструментите се наменети за студентите и наставниот кадар. Со помош на податоците од инструментите ќе утврдиме: каква е организацијата на високообразовните институции, каква е понудата на универзитетите и распределба на студентите, колкав е бројот на

планирани, пријавени и запишани студенти за 2011/2012 година на државните и приватните универзитети, на новоотворените факултети и на дисперзираните студии, каква е висината на школарините и кои се најзастапените студиски области.

Прашалникот ќе се состои од отворен и затворен тип на прашања.

Анкетирањето ќе го спроведува истражувачот.

Во истражувањето ќе биде направена и анализа на образовни документи, односно ќе се анализираат статистички извештаи и податоци од Државниот завод за статистика.

## 7. Популација и примерок

Истражувањето ќе се одвива на шест факултети на државните универзитети и шест факултети на приватните универзитети.

Примерокот ќе биде случаен и ќе опфати 150 студенти и 50 наставници.

## 8. Обработка на податоците

Податоците ќе се обработуваат квантитативно и квалитативно. Квалитативно ќе бидат обработени податоците од анализата на статистичките извештаи. Квантитативно ќе бидат обработени податоците кои ќе се добијат од анкетирањето.

Податоците ќе се обработуваат за секој факултет посебно и ќе бидат претставени описно, нумерички, процентуално и графички.

## 9. Организација на истражувањето

Истражувањето ќе започне во согласност со факултетите за да се овозможи запознавање на наставниците со истражувачот, за непречено вршење на истражувањето на истражувачот.

Потоа ќе се соберат податоци од анкетните листови и документите и истите ќе се обработуваат, анализираат и интерпретираат. На крајот, ќе се приложат заклучните сознанија. За спроведување на анкетата ќе биде потребно време од два месеци, за обработка на податоците еден месец. За целокупната организација на истражувањето ќе бидат потребни шест месеци.

# III. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

# 1. Анализа и интерпретација на резултатите

Според податоците од Државниот завод за статистика, во Република Македонија, во академската 2011/2012 година се запишани вкупно 58 747 студенти. Бројот на запишани студенти - жени изнесува 31 233 или 53.2%. Најголем број на студенти, 84.6%, се запишани на државните високообразовни установи, додека 15.0% се запишани на приватните високообразовни установи. Во прва година на студии, во академската 2011/2012 година, се запишани 18 152 студенти или 30.9% (тука се опфатени и студентите кои по втор, трет и повеќе пати запишуваат прва година).

| Високообразовни установи во РМ | Вкупен број на запишани студенти 2011/2012 | % на запишани студенти во однос на вкупниот број студенти |
|---|---|---|
| Државни универзитети | 49 700 | 84,6 |
| Приватни универзитети | 9 047 | 15,4 |
| Вкупно: | 58 747 | 100 |

***Табела 4: Вкупен број на запишани студенти во 2011/2012***

Пазарот на образовна понуда во високото образование во Република Македонија е доста тесен, со што изборот на видот на студии кои студентите сакаат да ги посетуваат е во голема мера ограничен.

Образовната понуда, главно, може да се подели на две големи групи, и тоа:

- студиски програми кои нудат широк профил на професонална култура;
- студиски програми кои нудат тесен профил на професонална култура, но остваруваат поголема комуникација со потребите на пазарот на трудот.

Широкиот профил е доминантен кај јавните универзитети, за разлика од приватните кои, претежно, нудат потесен стручен профил.

Во последно време универзитетите го напуштаат широкиот профил и воведуваат т.е. флексибилен профил на стручност. Тие градат модуларизирани студиски програми во рамките на кои студентот, во согласност со афинитетот, по пат на избор може да се определи за еден или повеќе потесни профили на стручност.

Причините за слабата ефикасност на студиите и за недоволната заинтересираност на студентите за универзитетскиот живот и работа, често се бараат во универзитетите, без да се земе предвид улогата на средното образование кои ги подготвува учениците за влез на универзитетот.

Со цел студентите успешно да ја остварат својата улога во високото образование, неопходно е тие да стекнат базични компетенции кои гарантираат успешно студирање и активен пристап кон универзитетскиот живот пред да станат дел од високото образование. Во сегашни услови, средното образование не ги обезбедува овие компетенции.

Иако во изминатиот период во средното образование се извршија низа промени, првенствено во областа на средното стручно образование, средното образование сеуште го карактеризираат: енциклопедизам, фактографија, доминација на традиционалните техники за настава на учење, маргинализација на независноста на ученикот и на неговите способности за критичко мислење и решавање на проблеми.

## 2. Анализа на состојбите во високото образование

На петте државни универзитети во Република Македонија за студиската 2011/2012 година, согласно конкурсот за запишување студенти на додипломски студии на студиските програми на универзитетите во учебната 2011/2012 година и дополнителните конкурси за запишување студенти на универзитетите во Битола, Штип и Тетово, планирано беше да се запишат 28 988 студенти, од кои 17 371 како редовни студенти во државна квота, 7 805 слободни места за квотата редовни студенти со кофинансирање на студиите и 3 812 слободни места за вонредни студенти.

На универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје имаше вкупно 12 251 слободно место од кои 6 904 за редовните студенти во државна квота, 3 931 слободни места за квотата редовни студенти со кофинансирање на студиите и 1 416 слободни места за вонредни студенти.

На универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола имаше вкупно 4 058 слободни места од кои 2 085 за редовните студенти во државна квота.

На Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип имаше 7 209 слободни места. Од нив, 4 717 се за редовните студенти во државна квота, 1 185 за квотата редовни студенти со кофинансирање на студиите и 1 307 слободни места за вонредни студенти.

На Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид имаше 300 слободни места, од кои 220 за редовните студенти во државна квота и 80 слободни места за квотата редовни студенти со кофинансирање на студиите.[25]

| Универзитет | Редовни студенти во државна квота | Редовни студенти со кофинансирање | Вонредни студенти |
|---|---|---|---|
| Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" - Скопје | 6 904 | 3 931 | 1 416 |
| Универзитет ,,Св. Климент Охридски" - Битола | 2 085 | 1 329 | 644 |
| Државен универзитет - Тетово | 3 445 | 1 280 | 445 |
| Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | 4 717 | 1 185 | 1 307 |
| Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид | 220 | 80 | / |

*Табела 5: Број на слободни места на државните универзитети за запишување на студенти на додопломски студии во учебната 2011/2012 година*

Според статистичките податоци од Државниот завод за статистика од 2005/2006 година до 2008/2009 година бројот на зашишани студенти постојано се зголемува. Така од 12 307 запишани студенти во академската 2005/2006, во 2006/2007 се запишани 13

[25] ДЗС

644, во 2007/2008 година 14 990, во 2008/2009 година се запишани 15 092, додека во учебната 2011/2012 година бројот на запишани студенти во прва година драстично се зголемува на 18 152 студенти.

На државните универзитети во Република Македонија, состојбата на запишани студенти во прва година за студиската 2008/2009 и 2011/2012 година е следна:

| Универзитет | Слободни места по конкурсот за 2008/2009 | Пријавени студенти во прва година за 2008/2009 | Запишани студенти во прва година за 2008/2009 | Вкупно запишани студенти во прва година во 2011/2012 |
|---|---|---|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје | 8950 | 8685 | 6782 | 7329 |
| Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола | 3881 | 3744 | 3055 | 2924 |
| Универзитет „Гоце Делчев" - Штип | 3673 | 2784 | 2647 | 3004 |
| Универзитет за ИТ - Охрид | | | | 96 |
| Државен универзитет - Тетово | 3740 | 3353 | 2608 | 1549 |
| Вкупно: | 20244 | 18566 | 15092 | 18 152 |

***Табела 6: Број на предвидени, пријавени и запишани студенти во учебната 2008/2009 и 2011/2012 година***

На државните високообразовни институции во Република Македонија од вкупниот број на запишани студенти во прва година, според статусот на студирање (редовни или вонредни):

| Универзитет | Вкупен број на запишани студенти во 2011/2012 | Број на редовни студенти во 2011/2012 | Број на вонредни студенти во 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје | 7329 | 6627 | 702 |
| Универзитет „ Св. Климент Охридски" - Битола | 2924 | 2321 | 603 |
| Универзитет „Гоце Делчев" - Штип | 3004 | 2538 | 466 |
| Универзитет за ИТ - Охрид | 96 | 96 | 0 |
| Државен универзитет - Тетово | 1549 | 1372 | 177 |
| Вкупно: | 18 152 | 12954 | 5198 |

***Табела 7:** **Број на запишани студетни во учебната 2011/2012 година според статусот на студирање***

Според податоците од Државниот завод за статистика, во академската 2011/2012 година се запишани вкупно 58 747 студенти од кои 31 233 или 53.2% се женски, а останатите се машки.

Доколку се направи една генеза station наназад низ годините, ќе се заклучи дека во периодот од 1991 до 2010 година студентите пројавуваат најголем интерес за општествените и хуманистичките науки, а потоа следуваат техничките, медицинските, биотехничките и природно-математичките науки.

Во прва година на студии, во академската 2011/2012 година, запишани се вкупно 18 152 студенти, од вкупно 18 190 ученици кои истата учебна година го завршиле средното образование.

На **државните високообразовни институции** студираат вкупно 49 675 студенти од кои редовни се 42 916 студенти, а останатите вонредни.

Во прва година на државните високообразовни институции се запишале 15 377, од вкупниот број на средношколци кои го продолжиле своето образование.

Во рамките на државните високообразовни институции, на високите стручни школи студираат вкупно 1 596, од кои 973 се редовни студенти. Од нив во прва година се запишале вкупно 475 студени.

На посебните катедри и факултети, исто така во рамките на државните високообразовни институции, се запишани вкупно 48 079, од кои 41 943 како редовни студенти. Во прва година се запишале вкупно 14 902 студенти.

Доколку се има во предвид вкупниот број на запишани студенти во оваа учебна година, може да се констатира дека најголемиот број од нив студираат на државните високообразовни институции, односно од вкупно 58 747 запишани студенти, на државните високообразовни институции се запишани 49 675 студенти, односно 84.56%.

**Верски факултети** – во учебната 2011/2012 година се запишани вкупно 287 студенти, од кои 178 како редовни студенти. Врз основа на вкупниот број на студенти

| | | | Пол | | Година на студии | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Начин на студирање | Вкупно | жени | мажи | I | II |
| ВКУПНО | вкупно | 58 747 | 31 233 | 27 514 | 18 152 | 14 041 |
| | редовни | 50 080 | 26 743 | 23 337 | 15 404 | 11 996 |
| Државни високообразовни установи | вкупно | 49 675 | 27 626 | 22 049 | 15 377 | 11 585 |
| | редовни | 42 916 | 23 837 | 19 079 | 13 279 | 9 998 |
| Високи стручни школи | вкупно | 1 596 | 1 255 | 341 | 475 | 386 |
| | редовни | 973 | 711 | 262 | 325 | 257 |
| Факултети | вкупно | 48 079 | 26 371 | 21 708 | 14 902 | 11 199 |
| | редовни | 41 943 | 23 126 | 18 817 | 12 954 | 9 741 |
| Верски факултети | вкупно | 287 | 106 | 181 | 94 | 52 |
| | редовни | 178 | 71 | 107 | 58 | 31 |
| Приватни високообразовни установи | вкупно | 8 785 | 3 501 | 5 284 | 2 681 | 2 404 |
| | редовни | 6 986 | 2 835 | 4 151 | 2 067 | 1 967 |
| Високи стручни школи | вкупно | 278 | 117 | 161 | 121 | 73 |
| | редовни | 150 | 74 | 76 | 62 | 36 |
| Факултети | вкупно | 8 507 | 3 384 | 5 123 | 2 560 | 2 331 |
| | редовни | 6 836 | 2 761 | 4 075 | 2 005 | 1 931 |

***Табела 8: Број на запишани студенти во учебната 2011/2012 година на државните и приватните високообразовни инстиуции***

запишани во оваа година, тие опфаќаат 0.49%. Во прва година се запишале вкупно 94 студенти.

**Приватни високообразовни установи** – на овие установи студираат вкупно 8 785 студенти или 14.95%, од кои 6 986 се водат како редовни студенти.[26]

На приватните високо стручни школи студираат 278 студенти, 150 како редовни студенти, а останатите како вонредни студенти. Од вкупниот број на запишани студенти само 121 студент се запишале во прва година.

За разлика од приватните високо стручни школи, на приватните факултети во учебната 2011/2012 година се запишале вкупно 8 507 студенти, од кои како редовни 6 836. Во права година се запишале вкупно 2 560 студенти.




***Слика 4: Процентуална застапеност на запишување на студентите во учебната 2011/2012 по образовни институции***

[26] ДЗС

# 3. Анализа на бројот и застапеноста на високообразовните институции

Во Република Македонија постојат:

- 5 државни високообразовни институции;
- 2 државни високо стручни школи;
- 2 верски факултети;
- 3 приватни високо стручни школи и
- 8 приватни универзитети;
- 2 приватни факултети.

## 3.1. Државни универзитети

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје*

На државниот универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, уште во првиот уписен рок, е завршен уписот на над 56% од факултетите. На Архитектонскиот факултет, Економскиот факултет, Медицинскиот факултет, Фармацевтскиот факултет, Стоматолошкиот факултет, Факултетот за Драмски уметности и Факултетот за ликовна уметност, најчесто запишувањето на студентите завршува уште во првиот уписен рок, заради големиот интерес и поголемиот број на пријавени студенти од планираната квота за упис.

На Државниот универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по факултети бројот на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 е следен:

| Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје | Начин на студирање | Планирани слободни места по конкурс за 2011/2012 | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| Природно-математички факултет | вкупно | 2201 | 419 |
| | редовни | 1540 | 349 |
| Архитектонски факултет | вкупно | 120 | 130 |
| | редовни | 120 | 130 |
| Градежен факултет | вкупно | 350 | 290 |
| | редовни | 350 | 288 |
| Машински факултет | вкупно | 630 | 315 |
| | редовни | 630 | 315 |
| Интердисциплинарни студии по инженерство на животната средина | вкупно | 40 | 8 |
| | редовни | 40 | 8 |
| Факултет за електротехника и информациски технологии | вкупно | 730 | 259 |
| | редовни | 730 | 259 |
| Технолошко-металуршки факултет | вкупно | 345 | 93 |
| | редовни | 285 | 93 |
| Медицински факултет | вкупно | 495 | 475 |
| | редовни | 360 | 357 |
| Стоматолошки факултет | вкупно | 130 | 148 |
| | редовни | 130 | 148 |
| Фармацевтски факултет | вкупно | 130 | 142 |
| | редовни | 130 | 142 |
| Факултет за ветеринарна медицина | вкупно | 53 | 35 |
| | редовни | 53 | 35 |
| Факултет за земјоделски науки и храна | вкупно | 855 | 283 |
| | редовни | 695 | 226 |
| Шумарски факултет | вкупно | 130 | 53 |
| | редовни | 120 | 49 |
| Економски факултет | вкупно | 1143 | 1 178 |
| | редовни | 1093 | 1 045 |
| Правен факултет | вкупно | 985 | 689 |
| | редовни | 950 | 636 |
| Филозофски факултет | вкупно | 1132 | 969 |
| | редовни | 930 | 781 |
| Филолошки факултет | вкупно | 1360 | 769 |
| | редовни | 1240 | 727 |
| Педагошки факултет | вкупно | 539 | 26 |
| | редовни | 441 | 20 |
| Факултет за физичка култура | вкупно | 150 | 107 |
| | редовни | 90 | 89 |
| Факултет за ликовна уметност | вкупно | 60 | 49 |
| | редовни | 60 | 49 |
| Факултет за музичка уметност | вкупно | 185 | 89 |
| | редовни | 185 | 89 |
| Факултет за драмска уметност | вкупно | 24 | 31 |
| | редовни | 24 | 31 |
| Факултет за дизајн и | вкупно | 130 | 109 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| технологии на мебел и ентериер | редовни | 120 | 98 |
| Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | вкупно | 830 | 663 |
| | редовни | 830 | 663 |

*Табела 9: Број на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје*

На Медицинскиот факултет, Стоматолошкиот факултет, Фарамцевскиот факултет, Филозофскиот и Економскиот факултет постои поголем број на запишани студенти од планираните слободни места на конкурсот. Разликата произлегува од бројот на запишани студенти кои се странски државјани и кои не се планирани со конкурсот 2011/2012.

Од податоците за вкупниот број на запишани студенти по факултетите и академиите, може да се забележи дека од 2006/2007 до 2011/2012 година се намалил бројот на планираните и запишани студенти во прва година на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј”.




***Слика 5: Процентуална застапеност по области на пријавени кандидати во академската 2012/2013 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"***

Во академската 2012/2013 година, според квотите утврдени од Владата на Република Македонија, се предвидуваше да се запишат вкупно 12 051 студенти на студиските програми на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" - Скопје, од кои 6 784 студенти како редовни студенти во државна квота, 3 890 студенти со кофинансирање на студиите и 1 376 вонредни студенти.

Во првиот уписен рок, на сите факултети на Универзитетот беа пријавени вкупно 6 604 кандидати - државјани на РМ. Од нив, на факултетите од техничко-технолошките науки се пријавија 1 676 кандидати, на природно–математичките науки се пријавија 185 кандидати, на општествените и на хуманистичките науки – 3 343 кандидати, на факултетите од областа на медицинските науки и здравството - 950, на биотехничките 305 и на уметностите – 145 кандидати.

Со реализацијата на првиот уписен рок, на студиските програми на сите факултети на Универзитетот се запишани вкупно 5 313 студенти, и тоа:

- во државната квота – 3 713 редовни;
- во категоријата со кофинансирање на студирањето – 1 225 редовни;
- вонредни – 185;

*Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола*

Според податоците од Заводот за статистика, најголем интерес за студирање на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски" во Битола имаше на Факултетот за безбедност во Скопје, каде што за 250 слободни места конкурирале 410 кандидати во првиот уписен рок. Најмал беше интересот за студирање на Биотехничкиот факултет во Битола, кој нуди 210 слободни места, а пријава поднеле само 35 кандидати.

Интересот за студии на другите високобразовни институции е како и во минатите години - на Техничкиот факултет се пријавиле 377 кандидати за идни бруцоши, на Економскиот факултет во Прилеп 161, на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид 352, Педагошки факултет 118, Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи 114, Висока медицинска школа 124, Ветеринарен факултет 14, Правен факултет во Кичево 328 и на Технолошко-техничкиот факултет со седиште во Велес во првиот уписен рок за 310 слободни места пријавени се 121 кандидат.

На Државниот универзитет "Св. Климент Охридски" во Битола, по факултети бројот на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 е следен:

| Универзитет " Св. Климент Охридски" - Битола | Планирани слободни места по конкурс за 2011/2012 | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|
| **Технички факултет** | 285 | 643 |
| **Факултет за биотехнички науки** | 210 | 113 |
| **Ветеринарен факултет** | 70 | 32 |
| **Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи** | 230 | 166 |
| **Педагошки факултет** | 230 | 185 |
| **Технолошко -технички факултет- Велес** | 200 | 178 |
| **Економски факултет - Прилеп** | 390 | 221 |
| **Факултет за безбедност-Скопје** | 250 | 434 |
| **Правен факултет -Кичево** | 250 | 428 |
| **Факултет за туризам и угостителство-Охрид** | 210 | 524 |

***Табела 10: Број на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 на Универзитет "Св. Климент Охридски" во Битола***

## *Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип*

На универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип во учебната 2011/2012 година за запишување на студенти на додипломски студии во прва година имаше 4 441 слободно место за редовни студенти во државна квота, 1 080 слободни места за редовни студенти со кофинансирање, 1 130 места за вонредни студенти, односно 6 651 вкупно слободни места.

Според податоците од Заводот на статистика на универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип во учебната 2011/2012 година во прва година на првиот, вториот и третиот уписен рок вкупно се запишале вкупно 3 004 студенти, од кои 2 538 редовни студенти.

На Државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип, по факултети бројот на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 е следен:

| Универзитет "Гоце Делчев" - Штип | Начин на студирање | Планирани слободни места по конкурс за 2011/2012 | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| Факултет за информатика | вкупно | 560 | 216 |
| | редовни | 480 | 183 |
| Факултет за природни и технички науки | вкупно | 750 | 345 |
| | редовни | 610 | 302 |
| Технолошко -технички факултет-Пробиштип | вкупно | 180 | 48 |
| | редовни | 160 | 40 |
| Електротехнички факултет - Радовиш | вкупно | 225 | 28 |
| | редовни | 200 | 22 |
| Земјоделски факултет | вкупно | 630 | 180 |
| | редовни | 555 | 153 |
| Економски факултет | вкупно | 1050 | 367 |
| | редовни | 840 | 310 |
| Правен факултет - Кочани | вкупно | 410 | 200 |
| | редовни | 330 | 158 |
| Педагошки факултет | вкупно | 320 | 76 |
| | редовни | 250 | 58 |
| Воена академија- Скопје | вкупно | | 46 |
| | редовни | | 46 |
| Филолошки факултет | вкупно | 870 | 258 |
| | редовни | 730 | 220 |
| Факултет за музичка уметност | вкупно | 89 | 76 |
| | редовни | 89 | 76 |
| Факултет за медицински науки | вкупно | 673 | 308 |
| | редовни | 543 | 308 |
| Машински факултет - Виница | вкупно | 140 | 64 |
| | редовни | 100 | 39 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија | вкупно | 750 | 792 |
| | редовни | 630 | 623 |

*Табела 11: Број на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 на Универзитет "Гоце Делчев" во Штип*

Во согласност со чл.110 и чл. 53 ст.7 од Законот за високото образование на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Св. Апостол Павле " во Охрид за учебната 2011/2012 година објави вкупно 300 слободни места за запишување во прва година на додипломски студии на следниве факултети:

- Факултет за информациски теории и анализи;
- Факултет за информатички системи, визуализација, дигитална мултимедија и анимациска техника;
- Факултет за компјутерски науки и инженерство;
- Факултет за комуникациски мрежи и безбедност;
- Факултет за машинска интелегенција и роботика.

| Универзитет за ИТ во Охрид | Начин на студирање | Планирани слободни места по конкурс за 2011/2012 | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| **Факултет за информациски теории и анализи** | вкупно | 60 | 3 |
| | редовни | 60 | 3 |
| **Факултет за информатички системи, визуализација, дигитална мултимедија и анимациска техника** | вкупно | 60 | 17 |
| | редовни | 60 | 17 |
| **Факултет за компјутерски науки и инженерство** | вкупно | 60 | 30 |
| | редовни | 60 | 30 |
| **Факултет за комуникациски мрежи и безбедност** | вкупно | 60 | 36 |
| | редовни | 60 | 36 |
| **Факултет за машинска интелегенција и роботика** | вкупно | 60 | 10 |
| | редовни | 60 | 10 |

***Табела 12: Број на слободни места и запишани студенти во академската 2011/2012 година на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Св. Апостол Павле " во Охрид***

### *Државниот универзитет во Тетово*

На Државниот универзитет во Тетово по факултети бројот на планирани и запишани студенти во прва студиска година, за академската 2011/2012 е следен:

| Државен универзитет во Тетово | Начин на студирање | Планиран и слободни места по конкурс за 2011/2012 | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| Факултет за применети науки | вкупно | 280 | 192 |
| | редовни | 280 | 192 |
| Филозофски факултет | вкупно | 370 | 105 |
| | редовни | 325 | 90 |
| Факултет за уметности | вкупно | 95 | 45 |
| | редовни | 95 | 45 |
| Економски факултет | вкупно | 745 | 7 |
| | редовни | 650 | 5 |
| Факултет за медицински науки | вкупно | 440 | 425 |
| | редовни | 380 | 363 |
| Природно-математички факултет | вкупно | 645 | 302 |
| | редовни | 445 | 293 |
| Факултет за прехранбена технологија и храна | вкупно | 100 | 65 |
| | редовни | 100 | 65 |
| Правен факултет | вкупно | 895 | 312 |
| | редовни | 795 | 242 |
| Факултет за физичка култура | вкупно | 80 | 96 |
| | редовни | 60 | 77 |

***Табела 13: Број на планирани и запишани студенти во академската 2011/2012 година на Државниот универзитет во Тетово***

## 3.2. Верски факултети

На двата верски факултети во Скопје во прва година во учебната 2011/2012 година се запишале вкупно 94 студенти, од кои редовно се запишани 58 студенти.

| Верски факултети | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|
| Православен богословски факултет - Скопје | вкупно | 17 |
| | редовни | 13 |
| Факултет за исламски науки - Скопје | вкупно | 77 |
| | редовни | 45 |

***Табела 14: Вкупно запишани студенти на верските факултети во Скопје во учебната 2011/2012 година***

## 3.3. Приватни високи стручни школи

| Приватни високообразовни установи | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|
| Високи стручни школи | | |
| Висока школа за новинарство и односи со јавноста - Скопје | вкупно | 39 |
| | редовни | 25 |
| Бизнис академија Смилевски-Скопје | вкупно | 82 |
| | редовни | 37 |

***Табела 15: Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 на приватните високи стручни школи***

Постојат 2 приватно високи стручни школи и тоа: Висока школа за новинарство и односи со јавноста – Скопје и Бизнис академија Смилевски-Скопје со вкупно 278 студенти, од кои 121 се запишани во прва година.

## 3.4. Приватни универзитети

Во високообразовниот систем на Република Македонија се отворени 8 приватни универзитети и 2 посебни приватни факултети и тоа:

- Универзитет Фон – Скопје;
- Европски факултет – Скопје;
- Југоисточно европски факултет – Тетово;
- Американ колеџ – Скопје;
- МИТ – Скопје;
- Меѓународен Балкански универзитет – Скопје;
- Универзитет за аудиовизуелни уметности – ЕСРА – Скопје;
- Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје;




*Слика 6: Процентуална застапеност на запишани студенти на приватните универзитети*

Дисперзираните студии и повисоките цени го направија своето - средношколците во Македонија сè повеќе се одлучуваат да студираат на државните наместо на приватните универзитети. Податоците од Министерството за образование и наука говорат дека бројот на запишани студенти во прв циклус на студии на приватните универзитети драстично се намалува во последните неколку години. Во првиот приватен универзитет ФОН, во 2009 година се запишале 995 студенти, а во 2010 за третина помалку - 644. Драстично е намален бројот на запишани студенти и на Европскиот универзитет – Скопје, каде што во 2009 година се запишале 506 студенти, а во 2010 година овој број се преполовил, на 233 студенти. Штуловиот универзитет во Тетово исто така функционира со намален број студенти, од 1249 студенти во 2009 година, на 956 студенти во 2010 година.

Генералниот секретар на Меѓународниот балкански универзитет, Висар Рамадани, за „Капитал" вели дека ова се должи од една страна на намалените цени за студирање на државните универзитети, а од друга страна и до нивото на квалитетот на приватните универзитети. Од МИТ Универзитетот во Скопје за „Капитал" исто така велат дека постои намалување на бројот на запишани студенти.

*„Со оглед дека во државата, во последните три години се отворија повеќе државни, но и приватни универзитети со дисперзирани студии, речиси во сите градови во Македонија, а ние сме лоцирани само во Скопје, задоволни сме од бројот на студентите, иако има блага тенденција на намалување на бројот на запишани студенти"*, велат оттаму.

Во прва година на прв циклус на студии во академската 2011/2012 планирано беше да се запишат вкупно 1 500 студенти, а бројот на вкупно запишани студенти по факултети е следен:

| Универзитет ФОН-Скопје | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|
| Факултет за информациски и комуникациски технологии | вкупно | 34 |
| | редовни | 33 |
| Факултет за правни науки | вкупно | 68 |
| | редовни | 65 |
| Факултет за политички науки, дипломатија и новинарство | вкупно | 31 |
| | редовни | 25 |
| Економски факултет | вкупно | 108 |
| | редовни | 104 |
| Факултет за детективи и безбедност | вкупно | 125 |
| | редовни | 113 |
| Факултет за спорт и спортски менаџмент | вкупно | 10 |
| | редовни | 7 |
| Факултет за применети странски јазици | вкупно | 46 |
| | редовни | 41 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | вкупно | 41 |
| | редовни | 37 |

***Табела 16: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Фон Универзитетот***

## *Југосисточно европски факултет – Тетово*

Според подароците од Заводот за Статистика, во учебната 2011/2012 година во прв семестар на додипломски студии на Југоисточно европскиот факултет во Тетово се запишале вкупно 885 студенти на следниве факултети:

| Југоисточно европски универзитет-Тетово | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|
| Правен факултет | вкупно | 195 |
| | редовни | 168 |
| Факултет за бизнис и економија | вкупно | 166 |
| | редовни | 148 |
| Факултет за јавна администрација и политички науки | вкупно | 241 |
| | редовни | 175 |
| Факултет за јазици, култура и комуникација | вкупно | 117 |
| | редовни | 98 |
| Факултет за современи науки и технологии | вкупно | 166 |
| | редовни | 154 |
| Вкупно: | | 885 |

***Табела 17: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Југоиисточно европски факултет во Тетово***

## *Европски универзитет – Скопје*

На Еврпопскиот факултет во Скопје отворени се 7 факултети со вкупен број на студенти 774, од кои во прва година се запишале вкупно 134 студенти. Сите студенти на овој факултет се редовни, што значи дека нема вонредни студенти.

| Европски универзитет - Скопје | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|
| Факултет за информатика | вкупно | 17 |
| | редовни | 17 |
| Економски факултет | вкупно | 46 |
| | редовни | 46 |
| Факултет за правни науки | вкупно | 16 |
| | редовни | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| Факултет за политички науки | вкупно | - |
| | редовни | - |
| Факултет за детективи и криминалистика | вкупно | 31 |
| | редовни | 31 |
| Факултет за арт и дизајн | вкупно | 18 |
| | редовни | 18 |
| Факултет за стоматологија | вкупно | 6 |
| | редовни | 6 |

***Табела 18: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Европскиот факултет***

## *Американ колеџ – Скопје*

На Американ колеџ има 6 факултети со вкупно 415 студенти, од кои во прва година се запишале вкупно 206 студенти (сите редовни студенти).

| Американ Колеџ-Скопје | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва, втора, трета и четврта година | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| **Факултет за компјутерска техника и информатика** | вкупно | 41 | 21 |
| | редовни | 41 | 21 |
| **Факултет за деловна економија и организациски науки** | вкупно | 168 | 92 |
| | редовни | 168 | 92 |
| **Факултет за политички науки** | вкупно | 20 | 7 |
| | редовни | 20 | 7 |
| **Факултет за архитектура и дизајн** | вкупно | 161 | 76 |
| | редовни | 161 | 76 |
| **Факултет за правни науки** | вкупно | 19 | 10 |
| | редовни | 19 | 10 |
| **Факултет за странски јазици** | вкупно | 6 | - |
| | редовни | 6 | - |

***Табела 19: Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Американ колеџ***

### *МИТ – Скопје*

| МИТ -Скопје | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва, втора, трета и четврта | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| Факултет за компјутерски науки и технологии | вкупно | 20 | 4 |
| | редовни | 10 | 2 |
| Факултет за архитектура | вкупно | 26 | 7 |
| | редовни | 15 | 4 |
| Факултет за менаџмент на еколошки ресурси | вкупно | 21 | 6 |
| | редовни | 13 | 5 |
| Факултет за менаџмент | вкупно | 128 | 48 |
| | редовни | 40 | 19 |

***Табела 20:** Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на МИТ*

На универзитетот МИТ – Скопје има вкупно 5 факултети со 195 запишани студенти во учебната 2011/2012 година.

### *Меѓународен Балкански универзитет-Скопје*

На Меѓународниот Балкански универзитет има вкупно 5 факултети со вкупно 346 студенти, од кои во прва година се запишале 172 студенти. На овој универзитет нема вонредно запишани студенти.

| Меѓународен Балкански универзитет-Скопје | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва, втора, трета и четврта | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| Факултет за технички науки | вкупно | 60 | 24 |
| | редовни | 60 | 24 |
| Факултет за економски и административни науки | вкупно | 151 | 72 |
| | редовни | 151 | 72 |
| Факултет за комуникации | вкупно | 36 | 26 |
| | редовни | 36 | 26 |
| Факултет за јазици | вкупно | 56 | 34 |
| | редовни | 56 | 34 |
| Факултет за применети уметности | вкупно | 43 | 16 |
| | редовни | 43 | 16 |

***Табела 21:** Вкупно запишани студенти во прва година во академската 2011/2012 на Меѓународниот Балкански универзитет во Скопје*

### *Универзитет за аудиовизуелни уметности -ЕСРА -СКОПЈЕ*

На Универзитетот за аудиовизуелно уметности – ЕСРА во Скопје има вкупно 5 факултети со вкупно 140 студенти запишани во учебната 2011/2012 година.

| Универзитет за аудиовизуелни уметности -ЕСРА -СКОПЈЕ | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва, втора, трета и четврта година | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| Факултет за сценски дизајн | вкупно | 34 | 15 |
| | редовни | 34 | 15 |
| Факултет за применета музика | вкупно | 21 | 4 |
| | редовни | 21 | 4 |
| Факултет за тонска продукција | вкупно | 16 | 4 |
| | редовни | 16 | 4 |
| Факултет за театарска уметност | вкупно | 22 | 11 |
| | редовни | 22 | 11 |
| Факултет за филмски уметности | вкупно | 47 | 17 |
| | редовни | 47 | 17 |

***Табела 22:** Вкупен број на запишани студенти на Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА во Скопје*

На приватниот факултет за бизнис и економија има вкупно 199 студенти, 131 редовни, а останатите се вонредни студенти, додека на Приватната високообразовна установа (ПВОУ) за бизнис студии – Еуро Колеџ во Куманово, во учебната 2011/2012 година вкупно се запишале 100 студенти, од кои само 37 се редовни.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Факултет за бизнис економија-Скопје | вкупно | 199 | 95 | 104 | 143 |
| | редовни | 131 | 57 | 74 | 81 |
| Приватна високообразовна установа (ПВОУ) за бизнис студии Еуро колеџ-Куманово | вкупно | 100 | 54 | 46 | 33 |
| | редовни | 37 | 24 | 13 | 17 |

***Табела 23:** Вкупно запишани студенти во академската 2011/2012 на Факултетот за бизнис економија и ПВОУ*

### *Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје*

На Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје има вкупно 6 факултети со вкупно 704 запишани студенти, од кои 268 се редовни студенти. Во прва година се запишале вкупно 214 студенти.

| Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје | Начин на студирање | Вкупно запишани студенти во прва, втора, трета и четврта година | Вкупно запишани студенти во прва година за 2011/2012 |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | вкупно | 223 | 82 |
| | редовни | 48 | 13 |
| Факултет за туризам | вкупно | 202 | 35 |
| | редовни | 129 | 18 |
| Факултет за односи со јавноста | вкупно | 52 | 15 |
| | редовни | 15 | 2 |
| Факултет за меѓународен маркетинг и менаџмент | вкупно | 144 | 45 |
| | редовни | 49 | 13 |
| Факултет за претприемачки бизнис | вкупно | 48 | 13 |
| | редовни | 23 | 3 |
| Факултет за менаџмент на човечки ресурси | вкупно | 35 | 24 |
| | редовни | 4 | 1 |

***Табела 24:** Вкупно запишани студенти во академската 2011/2012 на Универзитет за туризам и менаџмент*

## 4. Трендови во високото образование – Анализа на состојбите во поглед на дисперзија на високото образование

Како причини за дисперзија на високото образование, односно неговото организирање надвор од универзитетските центри, можат да се набројат повеќе:

- доближување на високото образование до граѓаните;
- беспоштедна борба на студентите;
- одложување на проблемот со невработеноста;
- привиден локален развој или исполнување индивидуални амбиции за академска кариера.

Почетоците за дисперзираните студии се поврзуваат со намалување на конкуренцијата што ја наметнаа приватните факултети. Во 2005 година Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" повел иницијатива за отворање дисперзирани студии во Источна Македонија како реакција во оваа нелојална конкуренција. Првите дисперзирани студии биле организирани учебната 2005/2006 година во Штип и тоа студии по право, економија, медицина и електротехника и студии по земјоделство во Струмица.

Првичните резултати од дисперзираните студии биле многу успешни и покрај многуте импровизации во изведувањето на наставата. На овие студии биле запишани студенти од повеќе генерации кои поради социјални причини не можеле веднаш по завршувањето на средното образование да продолжат со студирање.

Но, работите почнале да се менуваат откако во 2007 година Владата на Република Македонија, иницијативата за отворање на дисперзирани студии ја презела во свои раце. Па така, денес се соочуваме со реалност која подразбира факултет во секој град, а за тоа говори следниот приказ.




*Слика 7: Високообразовни институции во Република Македонија*

Дисперзираните студии доведоа до зголемување на бројот на запишани студенти, па така од 44 710 запишани студенти во 2001/2002 година, бројот на запишани студенти во учебната 2011/2012 порасна на 58 747 студенти.

Ваквите состојби во високото образование можат да доведат до:

- нарушување на автономијата на универзитетите;
- лош квалитет на образовни услуги;
- зголемување на невработеноста и долгорочната невработеност;
- намалување на стекнатите квалификации и друго.

Еден од проблемите со кои се соочуваат дисперзираните студии е наставниот кадар. За да можат успешно да се реализираат студиските програми неопходно е да се обезбеди наставен кадар кој би бил постојано присутен во образовната институција, а не само еднаш во неделата. Намалувањето на трошоците на студирање, во никој случај не смее да биде на сметка на намалувањето на квалитет на студирање, кој би довел до производство на кадри кои само ќе ја зголемуваат невработеноста и ќе создаваат нелојална конкуренција.




*Слика 8: Преглед на сите градови со означен број на дисперзирани студиски програми до 2011/2012*

Прегледот укажува на градовите во кои се организираат дисперзираните студии и бројот на студиските програми. Скоро и да не постои град каде што нема факултет или дисперзирани студии, па прашањето што тука се поставува е следно: дали истите ги исполнуваат очекувањата? За жал, одговорот е негативен. Од една страна се соочуваме со факултети без студенти, незадоволени просторни услови, недоследно изведени кадровски решенија, финансирање на импровизации, нерешени прашања во поглед на акредитација на дел од дисперзираните студии (пример за тоа е податокот на 19 пријавени студенти на дисперзираните студии во Радовиш за 225 слободни места).

Од друга страна ваквите инвестирања во дисперзираните студии доведоа до масивност на високото образование, се доведе во прашање квалитетот на стекнатите дипломи, очекувањата за зголемување на невработеноста на лицата со високо образование, откако истите ќе дипломираат и прашањето за нивната конкурентност на нашиот и европскиот пазар. Токму ваквата трка по дипломи, а не по знаење и компетенции го доведува до прашање квалитетот на образованието.

Размислувањата и гледиштата на академската јавност на дисперзираните студии генерално се негативни.

Поранешниот министер на образование, универзитетскиот професор на ПМФ Ненад Новковски смета дека средствата наменети за дисперзирани студии потребно е да се вложат во постојните државни универзитети. Слабиот интерес е поради тоа што студентите се свесни дека не можат да добијат соодветен квалитет.

Според него: ,,*Високообразовните институции не гледаат интерес во одржување на таква скапа настава за која не можат да постигнат квалитет, имено со дисперзирањето трошоците многу се зголемуваат, а условите за работа се отежнуваат и квалитетот што треба да се постигне не се постигнува заради што ги немаат истите услови на тие места на кои треба да ја држат наставата како што имаат централните локации*".

Владо Тимовски – деканот на Педагошкиот факултет во Скопје за неделникот ,,Глобус" се потсетува на мотивите за студирање некогаш и денес: ,,*Некогаш студирањето се сфаќаше како начин да се замине од своето родно место и се очекуваше студентот да се врати во својата средина и да има одредено значење за таа средина. Не е паметни во секое помало гратче да се отвора факултет ако во него нема стопански и други можности, потребни е да се воведат одредени стандарди и младите да се чувствуваат како вистински студенти, да можат и стручно и научно да се усовршуваат, но и на друг план да се изградуваат како академски граѓани.*"

Во поглед на факултетот кој го нудат дисперзираните студии, поранешниот заменик министер за образование и универзитетски професор, Тале Герамитчиоски вели:,, *На Машинскиот факултет во Виница се запишани 83 кандидати, а таму наставниот процес го одржуваат тројца професори кои што предаваат по 15 предмети. За каков квалитет зборуваме ние кога според Законот за високо образование еден професор треба да предава најмалку 4 предмети во едно научно поле, а тие предаваат 15 предмети по 7 до 8 научни полиња.* "

Професорот под пензија од Филозофскиот факултет Петре Георгиевски смета дека последиците од провинцијализацијата на високото образование ќе доведе до неможност на студентите да ја прошируваат својата култура и културните вредности

како што тоа го овозможуваат поголемите градски центри. Тој укажува на комерцијализацијата и партизацијата на високото образование чии последици сега се чувствуваат. Според него, тоа е сосема погрешна образовна политика.

Во продолжение професорот Горгиевски вели: *„Со таквото ширење на образовните институции во мали места ќе доведе до девалоризација, односно обезвреднување на дипломите и знаењето. По 7-10 години ќе се јават голем број завршени високообразовни лица со дипломи кои ќе немаат вредност со знаењата за вработување. Тие ќе притискаат да најдат работни места, а општеството не ќе може да го обезбеди тоа. Дури и ако емигрираат во други држави, и таму ќе се соочат со проблемот на недоволна обученост и знаење во споредба со студентите кои завршуваат такво образование во Германија, Англија, Шпанија.*

## 5. Најзастапени студиски области

Покриеноста на научни области значајно се разликува помеѓу приватните и државните универзитети. Првите, воглавно развиваат програми за потесно специјализирани подрачја од одредена научна област и насочени се за подготовка за профили кои во моментов се најбарани од страна на студентите или пазарот на трудот. Најзастапени области се оние од полето на економијата (бизнис администрација, менаџмент и слично) и информатичко-комуникациските науки кои се застапени на 8 од вкупно 9-те акредитирани приватни универзитети. Потоа, следуваат правните науки, застапени на 6 универзитети, и политичките и филолошките науки, застапени на 5 приватни универзитети. Актуелни се студиите за дизајн и комуникациските науки, кои се нудат на 4 универзитети. Понудата на студиски области е слична со најголемиот дел од приватните високообразовни институции во Европа, поради високата побарувачка на овие струки и ниските трошоци за реализирање на наставата. За разлика од нив, приватното образование многу слабо ги покрива областите за кои се потребни значајни инвестиции од техничка опрема и инфраструктура за истражување.

Најголемиот дел од програмите на приватните универзитети во зависност од факултетот се или превземени и прилагодени од странски универзитети или пак се работи според многу слични (или редуцирани) програми како оние на државните факултети, со тоа што се внимава повеќе време да се посвети на практична работа.

Нивната иновативност најмногу се рефлектира во понудата на одредени интередисциплинарни области (комуникации и односи со јавноста, меѓународни односи, спортски менаџмент, менаџмент на човечки ресурси) за кои сеуште не постојат развиени додипломски програми на државните универзитети. Сепак, постојат голем број на области, особено од техничките и природните науки (технички, технолошки, градежни, медицински, земјоделски) кои не се застапени како програми на приватните универзитети.

За разлика од нив, државните универзитети нудат и програми кои не се толку примамливи за студентите меѓутоа се значајни за рамномерен развој на науката и индустријата. Но, најголемиот недостаток кај државните универзитети е недоволната флексибилност, иновирање на постоечкиот наставни програми и креирање на нови програмски подрачја кои би биле во тек со потребите на пазарот на трудот и современите научни текови.

За жал, ниту приватните универзитети не успеаја целосно да го надминат овој јаз. И покрај неколкуте иницијативи за развивање на поголем број интередисциплинарни програми кои не се застапени на државните универзитети, тие воглавно продолжуваат со отворање на студиски програми од областите кои се најзастапени на јавните универзитети (економија, право) и од кои веќе има голем број на дипломци кои не можат да се вклопат на пазарот на трудот (на пример, има 2 250 невработени правници, а се отвораат нови факултети). Ова проследено со ,,позајмување" и презвемање на наставен кадар од државните универзитети, ја намалува нивната можност за иновативност и во многу аспекти ги прави ,,клонови" на државните универзитети.

## 6. Висина на школарина

Школарините на приватните универзитети се движат од 900 до 3 000 евра, во зависност од универзитетот и поединечните факултети во негови рамки. Вообичаено, школарината за техничките факултети е повисока. Школарината на државните факултети е доста варијабилна во зависност од типот на студирање (во државна квота или со кофинансирање) и видот на факултетот. Најниска сума за студирање во државна квота на јавните универзитети се 100 евра, а највисоката изнесува 200 евра, додека квотата со кофинансирање е еднаква на сите државни универзитети и изнесува 400 евра.

Покрај овие ,,официјални " трошоци, голем број на факултети имаат листа на задолжителни ,,скриени" трошоци (студентски гласила, студентски сојуз, спортско-културни активности, индекс, униформа, електронски картички, задолжителни екскурзии и сл. ) кои ја подигнуваат целосната сума на студиите за околу 2 000 денари на државните универзитети до 30 000 денари на дел од приватните. Школарината за една година студии изнесува:[27]

- Европски универзитет – 2 000 евра;
- ФОН-универзитет – 2 000 евра;
- МИТ – 1 500 евра;
- ЕСРА – меѓу 2 000 и 3 000 евра;
- Висока школа за новинарство – 950 евра.

[27] http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=92112851245&id=9&setIzdanie=22685

## 6.1. Приватни високообразовни институции во Европа и светот

Во следниот дел вниманието ќе се насочи кон финансирање на високообразовните институции во САД и Европа, земајќи ги во предвид и финансиите и квалитетот на факултетот.

Најскапа високообразовна институција во САД и во светот е Универзитетот ,,Џорџ Вашингтон" на кој школарината за 2010 година достигнала до рекордни 39 240 долари годишно.

Сите високообразовни институции од Листа 1 се приватни и се за студенти чии родители располагаат со високи примања. Треба да се нагласи дека за да се студира таму не се доволни само парите (постои селекција), а наведените цени се само за школарина, односно овде не се пресметани цените за трошоци, сместување учебници.

За разлика од САД, во Западна Европа каде универзитетите примаат големи субвенции од владите на своите земји, цените се многу пониски. Годишната школарина на престижните факултети Оксфорд и Кембрџ не надминува 3 070 фунти, а просечната цена на универзитетите во Шпанија изнесува 800 долари годишно.

Листа 1

Десет најскапи универзитети:

1. Џорџ Вашингтон – САД;
2. Кењон Колеж – САД;
3. Бакнел Универзитет – САД;
4. Васар Колеџ – САД;
5. Сара Лоренс Колеџ – САД;
6. Квест Универзитет – Канада;
7. Американскиот Универзитет во Париз – Франција
8. Универзитетот Бакингам – Англија;
9. Аојама Гакуин - Јапонија;
10. Бонд Универзитет – Австралија.

Десет најдобри универзитети во светот:

1. Хардвард – САД;
2. Институтот за технологија во Масачусетс (MIT) – САД;
3. Калифорнискиот институт за технологија – САД;
4. Стенфорд – САД;
5. Принстон – САД;
6. Кембриџ – Англија;
7. Оксфорд – Англија;
8. Беркли – САД;
9. Империјал – Англија;
10. Јеил – САД;

Високото образование во САД е повеќестрано и прилично децентрализирано. Тоа се карактеризира со конкурентни и автономни институци на високото образование. Моментално во САД има 4 180 колеџи и универзитети од кој 1 700 се наречени ,,двегодишни" институции и 2 450 се четиригодишни институции. Јавните колеџи се најбројни меѓу американките образовни институции кои траат две години и се многу практични за младите студенти кои сакаат да следат подготвителни или општи часови по јазик. Моментално во САД има над 14 милиони студенти запишани на американските високообразовни институции и повеќето од овие студенти, отколку 11 милиони, студираат на државни универзитети и колеџи.

Според извештајот за меѓународна размена во образованието за 2007 година, подготвен од Институтот за меѓународно образование, бројот на странски студенти запишани на високообразовните институции во САД во академската година 2006/2007 порасна за 3% и достигна бројка од 582 994 студенти, а бројот на нови запишувања драстично пораснал.

## 1.2. Приватни и државни факултети – компаративен пристап

Досегашните анализи досега покажуваат дека иако постои дискрепанца во поглед на одредени индикатори помеѓу различните типови на универзитети, во одредени аспекти има повеќе разлики помеѓу различни факултети/катедри на еден ист универзитет, отколку помеѓу различните универзитети. Разликите се особено евидентни во случајот на УКИМ каде и покрај неодамна започнатата интеграција на универзитетот, сеуште се прилично автономни во поглед на реализација на наставата и останатите активности.

Исто така, дека УЈЕ од 2008 година е јавно приватен, непрофитен универзитет неговите карактеристики во моментов се наоѓаат помеѓу оние на приватните и оние на државните универзитети, во поглед на висината на школарината, како и во поглед на останатите индикатори.

Истражувањето не ги опфаќа сите универзитети, поради што заклучоците не би требало да се генерализираат и се однесуваат само на универзитетите и факултетите кои биле вклучени во истражувањето. Целта е заклучоците да претставуваат иницијатива за понатамошно континуирано следење на темата – квалитет на високото образование. Во основа, позитивни и негативни аспекти можат да се забележат на двата вида универзитети што претставува добра основа за размена на успешни практики.

Врз основа на извршените анализи на организацијата, управувањето, опременоста и студиските програми, може да се дојде до определени заклучоци, а тоа е дека државните универзитети нудат добри теоретски знаења, додека развојот на практиката на голем број е запоставен, поради што студентите во најголем дел после нивното завршување не се чувствуваат спремни за вклучување на пазарот на трудот. Исто така, недостасува флексибилност во поглед на развој на нови наставни групи и програми, делумно поради недоволната автономија, делумно поради глобалноста на универзитетите и потешкотиите при интегрирање на поединечните факултети/катедри. Поради тоа, политиките за дисперзирање на студиите можат да резултираат со уште

поголеми бирократски потешкотии во намерата за трансформирање на современи универзитетски центри.

Приватните универзитети нудат подобри технички услови, но редуцирани се во поглед на понудата на програми и предмети. Проблемот кој дел од нив е во развивањето на нови програми без комплетно подготвен кадар и материјали за учење. Повеќе се фокусираат на бизнис вештините на студентите и имаат тенденција на излегување надвор од академските рамки во реалниот свет. Релативно брзо ги модифицираат наставните програми и планови, но тоа не резултира секогаш со квалитетна програма, често пати поради недостатокот на соодветен наставен кадар и редуцираното професионално усовршување на постоечкиот кадар.

Студентите се чувствуваат полојални кон универзитетот, но истовремено и поограничени во изразувањето критики кон истиот.

Во приватните факултети постои тенденција за мотивација за учење кај студентите, преку воспоставување на менторски систем, кој подразбира наставникот да биде достапен во секое време и да го насочува неговото учење. Иако постојат уверувања дека академските критериуми се пониски во споредба со државните универзитети, општиот став е дека ако студентот има поголема мотивација постојат можности студентот да се стекне со одлични знаења и компетенции. Сепак, треба да се работи на менување на практиките (или само перцепциите) дека критериумите се намалуваат со цел да им се овозможи поминување на послабите студенти (на пример, на некои факултети присутноста на часови и пишувањето на семинарски работи е сигурна карта за положување на испитот).

За жал, и двата типа на универзитети сеуште не го применуваат комплетно концептот на ,,настава центрирана на ученикот", иако постојат зачетоци на ваков вид на настава, традиционалните методи се сеуште доминантни кога станува збор за наставата, а уште повеќе во оценувањето.

Работодавците се помалку прават разлика во поглед на универзитетот од кој доаѓаат студентите. Големите компании редовно спроведуваат тестирања кои, според нив, не укажуваат на значајни разлики во постигнувањата од страна на студентите од

различни универзитети. Се смета дека дипломците од бизнис/економија од приватните универзитети има поразвиени практични вештини, додека дипломците по информатика од јавните универзитети се сметаат за ,,поупотреблив" кадар од страна на ИТ компаниите.

| Можности | | Закани | |
|---|---|---|---|
| **Приватни** | Државни | **Приватни** | Државни |
| **Понатамошно развивање и продлабочување на соработката со пазарот а трудот** | Одржување на добриот углед на пазарот на трудот | **Недоверба во квалитетот од страна на пошироката јавност** | Бавна прилагодливост кон условите на пазарот на трудот |
| **Флексибилност во поглед на можноста за прилагодување на наставните програми** | Одржување на солидниот углед помеѓу странските високообразовни институции | **Запишување на студенти со послаб средношколски успех** | Одлив на студенти и кадар на приватните универзитети |
| **Можност за добивање лиценци од странски универзитети** | Давање на можност за студии на квалитетни студенти со неповолна социо-економска положба | **Релативно високи школарини, некои бараат и дополнителни трошоци** | Недоволна искористеност на наставничките потенцијали |
| **Доволно средства за обезбедување на современи услови за студирање** | Активирање на истражувачките потенцијали на кадарот | **Недоволна доверба од страна на дел од претставниците на пазарот на трудот во поглед на квалификациите на дипломците** | Слаба автономија при одлучувањето – финансиска нестабилност и слабо планирање |
| **Се поголема на елита на граѓани кои се подготвени да платат за високо образование** | Отворање на позици за нов, млад наставен кадар | **Сомневање за ниски критериуми во поглед на нивото на знаење на студентите** | Голема оптовареност на студентите |
| **Потенцијален наплив од студенти кои ги напуштаат државните универзитети за да се запишат на приватен** | Потврдување и зајакнување на истражувачките капацитети преку отворање на истражувачки центри | **Недостаток на селекција на кандидатите при упис** | Слаба соработка на наставниот кадар со студентите |

| Предности | | Недостатоци | |
|---|---|---|---|
| **Приватни** | Државни | **Приватни** | Државни |
| **Понуда на интердисциплинарни наставни подрачја, кои се нови и актуелни на пазарот** | Долгогодишна традиција на високо образование | **Недостаток на соодветен наставен кадар** | Недоволна флексибилност на наставните програми |
| **Тенденција за вработување на кадар кој завршил во странство** | Понуда на катедри/факултети кои ги нема на приватните уноверзитети (особено од природните и техничките науки) | **Преголема насоченост кон промоција на техничките и просторните услов наспроти државните** | Сеуште доминантен авторитарен однос на кадарот |
| **Контакти со пазарот на трудот** | Понуда на поголем број наставни предмети | **Наставни програми превземени од други институции, недоразвиени или неприлагодени** | Недостаток на евиденција за успехот на студените на пазарот на трудот |
| **Современи услови за студирање** | Развиена соработка со странски високообразовни институции | **Тесно фокусирани наставни програми** | Слаба вклученост на студентите во научноистражувачката дејност |
| **Насоченост кој активна настава, прачтична настава (посета на институции, семинари, конференции, форуми)** | Запишани студенти со соодветни предзнаења | **Понекогаш од страна на јавноста се доживуваат како приватни компании** | Недоловлна достапност на наставниот и административниот кадар |
| **Настаниот кадар лесно достапен и отворен за соработка со студентите** | Голем интерес за студирање | **Мал број на програми од природните и техничките науки** | Фокусираност на знаења наспроти компетенции |
| **Редуцирани можности за корупција** | Достапна школарина за студентите во државните квоти | **Недоволна фокусираност во научноистражувачката работа** | Непостоење или недоволна контрола кон студентската пракса |

***Слика 9: SWOT анализа***

# 7. Анализа на бројот на дипломирани студенти во 2011 година

Во овој дел е направена анализа на дипломираните студенти во 2011 година. Нивниот број, а особено видот и профилот на дипломираните студенти, е од особено значење за целокупното општество. Дипломираните студенти ја чинат, односно формираат понудата на пазарот на трудот, која на истиот пазар се судрува со побарувачката на компании за одреден вид и квалитет на кадри.

Токму оттука произлегува потребата и неопходноста од истражување на пазарот на трудот, се со цел да дојде до доближување на понудата и побарувачката, бидејќи нивно целосно поклопување е возможно само во теоријата.

Овде ќе бидат изнесени табеларни прикази за бројот на дипломирани студенти.

| | Вкупно Total | | Редовни студенти Full-time students | | Вонредни студенти Part-time students | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | сé all | жени women | сé all | жени women | сé all | жени women |
| **Вкупно[1)]** | **9 802** | **5 538** | **7 987** | **4 488** | **1 815** | **1 050** |
| **Државни високообразовни установи** | **7 520** | **4 443** | **6 114** | **3 579** | **1 406** | **864** |
| **Приватни високообразовни установи** | **2 257** | **1 091** | **1 858** | **906** | **399** | **185** |
| **Верски факултети** | **25** | **4** | **15** | **3** | **10** | **1** |

***Слика 10: Вкупен број на дипломирани студенти во 2011 година***

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2011 година, бројот на дипломирани студенти на додипломски студии на високите стручни школи и факултетите, во споредба со 2010 година, е намален за 1.4%.

- Од вкупниот број на дипломирани студенти, 81.5% се редовни студенти, а 18.5% се вонредни студенти.
- Процентот на дипломирани студенти-жени изнесува 56.5%.
- Од вкупниот број на студенти, 42.8% дипломирале во рок, додека 57.2% дипломирале после рокот.

- Најголем процент на дипломираните студенти доаѓаат од државните високообразовни институции.

Сите дипломирани студенти излегуваат на пазарот на трудот и ја формираат понудата на истиот тој пазар.

Како што беше и претходно кажано, во учебната 2011/2012 година од вкупно 18 190 ученици кои го завршиле средното образование, дури 18 152 го продолжиле своето образование на некоја од високообразовните институции или оваа учебна година биле запишани вкупно 58 747 студенти. Во 2009 година само 16.4% од лицата со дипломи се вработени, а 9.8% се невработени, а во 2010 година само 17.6% од нив имаат статус на вработени, што во однос на оние вработени со завршено образование значително помал (во 2010 година 41.9% од нив се вработени).

Според податоците на Државниот завод за статистика, во IV тримесечје од 2011 година активното население во Република Македонија брои 937 326 лица од кои вработени се 639 340 лица или 68.2%, а 297 986 лица или 31.8% се невработени. Стапката на активност во овој период е 56.5, стапката на вработеност 38.5, додека стапката на невработеност изнесува 31.8.

Ако се земат во предвид овие податоци тогаш ваквите факти укажуваат на многу важни моменти. Прво, дека во Република Македонија процентот на вработени високообразовни кадри во однос на на вкупниот број на вработени лица е релативно низок. Од друга страна, голем е бројот на невработени лица со академска диплома. И конечно, евидентно е наглото зголемување на бројот на студентите, многу веројатно на штета на квалитетот.

Анализирајќи ја претходната состојба се доаѓа со заклучок дека за тоа како високообразовните кадри ќе се вклопат на пазарот на трудот и дали ќе го најдат своето место или ќе се приклучат кон групата невработени со диплома од голема важност е дејствувањето на два главни фактори:

- потребите на пазарот кои првенствено зависат од развојот на економијата и следствено – потребите од вработување на високообразовниот кадар, струките кои се дефицитарни и суфицитарни, знаењата и вештините кои се бараат од високообразовниот кадар итн;
- состојбите во високото образование, првенствено – стручните профили кои нудат, интересот за одредени профил од страната на студените, флексибилноста на образовните институции, насоченоста кон развивање на одредени знаења и вештини и сл.

Постојаната анализа на соодносот меѓу двата индикатори би требало да резултира со насоки за оформување и прилагодување на образовните и пазарните политики.

## 7.1. Дипломирани студенти по факултети на државните и приватните универзитети

Во Република Македонија бројот на дипломирани студенти во 2011 година изнесува 9 802, од кои на државните високообразовни установи дипломирале 7 520, на приватните високообразовни установи 2 257 и 25 студенти на верските факултети.[28]

### *Државни универзитети*

| | | Вкупно | | Редовни студенти | | Вонредни студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сé | жени | сé | жени | сé | жени |
| Вкупн о | | 9802 | 5538 | 7987 | 4488 | 181 5 | 1050 |
| | Државни високообразовни установи | 7520 | 4443 | 6114 | 3579 | 140 6 | 864 |

[28] ДЗС

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приватни високообразовни установи** | **2257** | **1091** | **1858** | **906** | **399** | **185** |
| **Верски факултети** | **25** | **4** | **15** | **3** | **10** | **1** |
| **Високи стручни школи** | **302** | **252** | **135** | **113** | **167** | **139** |
| Висока медицинска школа, Битола | 203 | 161 | 93 | 76 | 110 | 85 |
| Висока здравствена школа - Штип | 99 | 91 | 42 | 37 | 57 | 54 |
| **Факултети (прв степен)** | **47** | **11** | **16** | **6** | **31** | **5** |
| **Универзитет " Свети Климент Охридски" Битола** | **46** | **11** | **15** | **6** | **31** | **5** |
| Технички факултет | 46 | 11 | 15 | 6 | 31 | 5 |
| **Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје** | **1** | **-** | **1** | **-** | **-** | **-** |
| Факултет за електротехника и информациски технологии | 1 | - | 1 | - | - | - |
| **Факултети (професионални студии)** | **165** | **72** | **122** | **42** | **43** | **30** |
| **Универзитет " Свети Климент Охридски" Битола** | **50** | **21** | **26** | **9** | **24** | **12** |
| Факултет за биотехники науки | 20 | 11 | - | - | 20 | 11 |
| Факултет за туризам и угостителство , Охрид | 30 | 10 | 26 | 9 | 4 | 1 |
| **Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје** | **115** | **51** | **96** | **33** | **19** | **18** |
| Градежен факултет | 14 | 5 | 14 | 5 | - | - |
| Машински факултет | 65 | 14 | 65 | 14 | - | - |
| Медицински факултет | 36 | 32 | 17 | 14 | 19 | 18 |
| **Факултети** | **7006** | **4108** | **5841** | **3418** | **1165** | **690** |
| **Универзитет " Свети Климент Охридски" Битола** | **1608** | **922** | **1286** | **763** | **322** | **159** |
| Факултет за биотехники науки | 14 | 9 | 12 | 8 | 2 | 1 |
| Технички факултет | 385 | 97 | 330 | 94 | 55 | 3 |
| Економски факултет, Прилеп | 382 | 259 | 295 | 205 | 87 | 54 |
| Факултет за туризам и | 339 | 209 | 260 | 170 | 79 | 39 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| угостителство , Охрид | | | | | | |
| Педагошки факултет | 221 | 193 | 178 | 155 | 43 | 38 |
| Факултет за администрација и менаџмент на информатчки системи | 171 | 123 | 160 | 115 | 11 | 8 |
| Факултет за безбедност, Скопје | 96 | 32 | 51 | 16 | 45 | 16 |
| **Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје** | **4531** | **2721** | **3884** | **2289** | **647** | **432** |
| Природно-математички факултет | 367 | 233 | 323 | 204 | 44 | 29 |
| Архитектонски факултет | 114 | 69 | 114 | 69 | - | - |
| Градежен факултет | 85 | 25 | 85 | 25 | - | - |
| Машински факултет | 235 | 50 | 235 | 50 | - | - |
| Факултет за електротехника и информациски технологии | 423 | 129 | 423 | 129 | - | - |
| Технолошко-металуршки факултет | 59 | 39 | 59 | 39 | - | - |
| Медицински факултет | 209 | 138 | 209 | 138 | - | - |
| Стоматолошки факултет | 134 | 79 | 134 | 79 | - | - |
| Фармацевтски факултет | 69 | 61 | 69 | 61 | - | - |
| Факултет за ветеринарна медицина | 24 | 4 | 24 | 4 | - | - |
| Факултет за земјоделски науки и храна | 132 | 58 | 107 | 44 | 25 | 14 |
| Шумарски факултет | 17 | 8 | 17 | 8 | - | - |
| Економски факултет | 843 | 574 | 697 | 481 | 146 | 93 |
| Правен факултет | 209 | 131 | 179 | 121 | 30 | 10 |
| Филозофски факултет | 321 | 215 | 259 | 181 | 62 | 34 |
| Филолошки факултет | 583 | 485 | 461 | 384 | 122 | 101 |
| Педагошки факултет | 415 | 316 | 233 | 175 | 182 | 141 |
| Факултет за физичка култура | 131 | 24 | 98 | 15 | 33 | 9 |
| Факултет за ликовна уметност | 48 | 24 | 48 | 24 | - | - |
| Факултет за музичка уметност | 50 | 23 | 50 | 23 | - | - |
| Факултет за драмска уметност | 18 | 7 | 18 | 7 | - | - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер | 45 | 29 | 42 | 28 | 3 | 1 |
| **Универзитет "Гоце Делчев" Штип** | **373** | **236** | **260** | **170** | **113** | **66** |
| Економски факултет | 120 | 84 | 111 | 80 | 9 | 4 |
| Факултет за природни и технички науки | 43 | 12 | 36 | 12 | 7 | - |
| Машински факултет, Виница | 9 | - | 1 | - | 8 | - |
| Правен факултет, Кочани | 38 | 22 | 23 | 14 | 15 | 8 |
| Педагошки факултет | 111 | 87 | 55 | 43 | 56 | 44 |
| Факултет за информатика | 21 | 10 | 16 | 8 | 5 | 2 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија | 27 | 21 | 17 | 13 | 10 | 8 |
| Земјоделски факултет | 4 | - | 1 | - | 3 | - |
| **Државен универзитет во Тетово** | **494** | **229** | **411** | **196** | **83** | **33** |
| Економски факултет | 155 | 81 | 142 | 72 | 13 | 9 |
| Правен факултет | 177 | 65 | 120 | 49 | 57 | 16 |
| Филолошки факултет | 86 | 51 | 77 | 46 | 9 | 5 |
| Факултет за уметности | 15 | 1 | 15 | 1 | - | - |
| Филозофски факултет | 24 | 20 | 20 | 17 | 4 | 3 |
| Факултет за физичка култура | 21 | 5 | 21 | 5 | - | - |
| Факултет за применети науки | 16 | 6 | 16 | 6 | - | - |

***Табела 25: Број на дипломирани студенти во 2011 година во Македонија***

Според прикажените податоци од Државниот завод за статистика бројот на дипломирани студенти на државните универзитети е следен:

➔ Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј " – Скопје – 4 531 дипломиран студент;

➔ Универзитет ,,Св. Климент Охридски” – Битола – 1 608 дипломирани студенти;

➔ Универзитет ,,Гоце Делчев” - Штип – 373 дипломирани студенти;

➔ Државен универзитет во Тетово – 494 дипломирани студенти;

➔ На Високите стручни школи дипломирале вкупно 302 студенти.

## *Приватни универзитети*

| | Вкупно Total | | Редовни студенти Full-time students | | Вонредни студенти Part-time students |
|---|---|---|---|---|---|
| | сé | жени | сé | жени | сé |
| Југоисточно европски универзитет - Тетово | **815** | **408** | **769** | **394** | **46** |
| Факултет за бизнис и економија | 171 | 78 | 157 | 73 | 14 |
| Факултет за јавна администрација и политички науки | 242 | 110 | 231 | 108 | 11 |
| Факултет за јазици, култури и комуникација | 145 | 96 | 140 | 95 | 5 |
| Правен факултет | 158 | 95 | 143 | 89 | 15 |
| Факултет за современи науки и технологии | 99 | 29 | 98 | 29 | 1 |
| Американ колеџ - Скопје | **187** | **105** | **187** | **105** | **-** |
| Факултет за архитектура и дизајн | 42 | 32 | 42 | 32 | - |
| Факултет за компјутерска техника и информатика | 15 | 2 | 15 | 2 | - |
| Факултет за деловна економија и организациски науки | 97 | 50 | 97 | 50 | - |
| Факултет за политички науки | 10 | 5 | 10 | 5 | - |
| Факултет за странски јазици | 9 | 8 | 9 | 8 | - |
| Факултет за правни науки | 14 | 8 | 14 | 8 | - |
| Европски универзитет - Скопје | **450** | **204** | **450** | **204** | **-** |
| Факултет за економски науки | 216 | 93 | 216 | 93 | - |
| Факултет за информатика | 41 | 4 | 41 | 4 | - |
| Факултет за арт и дизајн | 41 | 26 | 41 | 26 | - |
| Факултет за правни науки | 82 | 42 | 82 | 42 | - |
| Факултет за политички науки | 17 | 10 | 17 | 10 | - |
| Факултет за детективи и криминалистика | 53 | 29 | 53 | 29 | - |
| ФОН-Универзитет - Скопје | **486** | **208** | **407** | **175** | **79** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Факултет за правни науки | 100 | 55 | 86 | 46 | 14 |
| Факултет за политички науки, дипломатија и новинарство | 50 | 20 | 49 | 20 | 1 |
| Факултет за детективи и безбедност | 78 | 16 | 54 | 12 | 24 |
| Факултет за применети странски јазици | 35 | 23 | 25 | 14 | 10 |
| Факултет за информациски и комуникациски технологии | 48 | 11 | 47 | 11 | 1 |
| Факултет за спортски менаџмент | 7 | 1 | 6 | 1 | 1 |
| Факултет за економски науки | 168 | 82 | 140 | 71 | 28 |
| Меѓународен славјански институт - Г.Р.Државин,Свети Николе | **229** | **119** | **6** | **2** | **223** |
| Факултет за економика и организација на претприемаштво | 188 | 81 | 5 | 2 | 183 |
| Факултет за психологија | 41 | 38 | 1 | - | 40 |
| Факултет за бизнис економија, Скопје | **25** | **18** | **22** | **16** | **3** |

***Табела 26: Број на дипломирани студенти во 2011 година на приватните факултети во Македонија***

На приватните универзитети бројот на дипломирани студенти во 2011 година е следен:

- Универзитет Фон – Скопје – 486;
- Европски факултет – Скопје – 450;
- Југоисточно европски факултет – Тетово – 815;
- Американ колеџ – Скопје – 187;
- Факултет за бизнис економија – Скопје – 25;

На верските факултети дипломирале вкупно 25 студенти.

Наспроти мислењата дека должината на студирање се зголемува, податоците за дипломираните студенти во високото образование укажуваат намалување во последните три години.

Во изминатата декада, должината на траење на студирањето кај поголем дел од дипломираните студенти изнесува од 3-6 години по запишувањето. Во 2007 година 69% од студентите кои дипломирале, студиите ги завршиле за период до 6 години.

Во изминативе 20 години, бројот на дипломирани студенти ви високообразовните установи значително се зголемува, од 3 084 во 1991 година на 9

994 дипломирани студенти во 2010, што е пораз од 194%. Во период од 1991 до 2010 година дипломирале вкупно 99 447 студенти.

Изборот на студиите е во тесна врска со пристапот на пазарот на трудот. Податоците за дипломираните студенти укажуваат дека во периодот 1991 до 2010 година студентите пројавуваат најголем интерес за општествените и хуманистичките науки, а потоа следуваат техничките, медицинските, биотехничките и природно-математичките науки.

Од друга страна, податоците од истражувањата на пазарот на трудот говорат дека од вкупно 458 873 вработени во 2011 година, најголем дел се вработени во преработувачката индустрија - 100 878, потоа следи трговијата на големо и мало со 77 010 вработени, во јавната управа и одбрана се вработени 42 474, образованието на пазарот на трудот учествува со 35 193 вработени, дејности на социјална заштита со 31 200, во секторот на градежништвото на пазарот на трудот има 23 340 вработени итн. Најмал број на вработени на пазарот на трудот се застапени услужните дејности.

За да не се соочуваме со проблеми од типот на долгорочна невработеност, државата и образовните институции (приватни или државни) при креирањето на образовната политика, во делот за видот и бројот на студенти кои ќе се профилираат низ образовниот процес, како и за видот на образовните услуги кои ќе ги понудат, потребно е да се раководат токму од состојбата на пазарот на трудот, односно од видот и застапеноста на работните места кои се атрактивни на овој пазар.

# Заклучоци, согледувања и констатации

# 1. Заклучоци, согледувања и констатации

Стапката на пораст на запишани студенти на високите стручни школи и факултети е многу поголема од онаа на учениците во средните училишта. Во академската 2011/2012 се запишани вкупно 58 747 студенти, што е за 130 проценти повеќе во однос на 1991/1992 година.

Но, зголемениот број на запишани студенти не секогаш носи квалитетни кадри кои ќе ги задоволат барањата на пазарот на трудот. Особено проблематичен е делот околку дисперзираните студии, бидејќи се соочуваме со реален проблем на разводнување на квалитетот, нереална конкуренција на кадрите и зголемена невработеност на лица со високо образование.

Со цел да се подобрат состојбите потребно е да се истражат реалните потреби на пазарот на трудот за видот и бројот на кадри од одделните гранки.

Друга работа на која треба да се обрне внимание се промените што настануваат во поглед на сопственоста на капиталот во нашата земја. Имено, процесите на приватизација предизвикаа драстична промена во карактерот на сопственоста на економските капацитети во нашата држава. Постојат вкупно 73 118 деловни субјекти.

Промените на сопственоста предизвикаа заживување на приватната иницијатива, со силни рефлексии врз пазарот на трудот и карактерот на работната сила.

Форсирањето на развојот на малите и средните претпријатија, како и зголемувањето на вработувањето преку проширување на индустрискиот и услужниот сектор се одвива тешко поради забавениот економски развој и намалената финансиска моќ на населението.

Поради забавеноста на економскиот развој, зголемување на стапката на невработеност и, пред се, процесите на приватизација, тешко може да се направи реална слика на позначајни секторски поместувања во земјата. Индустрискиот сектор сеуште е доминантно поле за пласман на работната сила, за разлика од секторот на услугите и сервисните дејности, кои иако во последно време бележат благ пораст,

сеуште не се доволно застапени за да може да се зборува за драстични промени во преминот на работната сила од еден во друг сектор.

Според статистичките податоци за 2011 година, во Република Македонија има 297 886 невработени лица. Од нив 3 268 се без образование, 85 343 се со непотполно или потполно основно образование, 37 959 се со тригодишно, а 126 040 четиригодишно образование, додека 3 499 се со вишо образование и 41 878 се со високо образование. Високо образовните институции гледаат на вработувањето на своите дипломирани кадри како на важна цел и потврдување на ефектите од нивната работа. Ова бара поголема флексибилност на студиските програми, нивна академска валидност и релевантност на пазарот на трудот.

Можност за вработување од универзитетски аспект значи:

- Добро развеена имагинација;
- Способност за систематичен и методичен приод кон решавање на проблемите со примена на соодветни знаења;
- Способност за раководење со општествените процеси.

Според тоа, севкупната структура на студиските програми и предметните содржини мира да се насочи кон развивање на тие способности и вештини кај студентите.

Од извршената анализа од податоците од истражувањето кои се добиени по пат на анализа на содржината на документацијата, и табеларните прегледи се потврдува општата хипотеза дека постои современа и квалитетна организација и структура на високото образование во Република Македонија.

Со анализа на помошните хипотези, може да се дојде до следниве сознанија и заклучоци:

- мрежата на државните и приватните универзитети ја задоволува потребата од високообразовни институции во Република Македонија, со оглед на тоа дека сите поголеми подрачја во Република Македонија се покриени со потребата на идните студенти да студираат во својот град или во поблиската околина;
- бројот на планирани студенти не е соодветен со бројот на пријавени студенти, како и со бројот на запишани студенти;
- желбата за самореализирање, особено во егзисенционална смисла, доведе до состојба на вистинска ,,трка" за диплома, за сметка на вистинскиот квалитет и компетеници. Ваквата состојба негативно се одразува на стапката на невработеност бидејќи во услови на пазарна економија, каде приватниот сектор зазема доминантно место, многу побитни се стекнатите компетенции, отколку стекнатата диплома;
- дипломата или сертификатот не се гаранција за квалитет;
- еден од основните услови за подобрување на квалитетот на образовните услови е поврзување на образовните институции со пазарот на трудот како најдобар механизам за мерење на квалитетот на образовните услуги. Но, исто така потребно е да се развиваат и посебни инструменти со кои ќе се обезбеди квалитетот во образованието. Во таа смисла најзначајни инструменти се инспекцискиот надзор и самоевалуацијата;
- формирањето на образовната понуда и побарувачката според пазарната логика ќе овозможи предвидување на потребните капацитети и намалување на трошоците;
- дисперзијата на високото образование, се покажа како погрешна, и според мислењата на академската јавност и според реалните показатели. Последиците од преголемиот број дипломирани студенти се големи и водат кон зголемена невработеност, несоодветни компетенции и знаења и нелојална конкуренција.

## 2. Препораки и сугестии

Во современи услови на стопанисување се наметнува потребата од комплексно согледување на современите тенденции на воспитно-образовната, научноистражувачката и едукативната дејност и од аспект на уредување на приоритетните задачи за нејзино иновирање и од аспект на прилагодување на новите општествени и економски односи кои настанаа во државата. Сето тоа е потребно за да се подобри квалитетот на образовниот систем.

Прашањето за ефикасноста, квалитетот и делотворноста на образовниот систем станува се посериозно и се позастапено. Тоа денес се доживува како современа и ненадминлива потреба како на државата, така и на модерното стопанство, кое зачекорува во т.н. постиндустриска т.е. информатичка ера.

Зголемувањето на вработливоста на дипломираните студенти на македонскиот, како и на европскиот пазар на работна сила подразбира и развивање на широка понуда на образовни можности, т.е. создавање можности за објективизација на концепцијата на доживотното учење. Тоа значи дека високообразовните институции мора да развиваат и студиски програми (или множества од модули) кои ќе бидат во функција на доквалификација, преквалификација и преквалификација на дипломираните студенти и сите оние кои имаат потреба од стекнување на квалификација со која ќе бидат работно конкурентни не само на националниот пазар, туку и на европскиот пазар на трудот. Развојот на овие студиски програми мора да ја следи динамиката на промените во сферата на трудот, како во матичната земја, така и во Европа и светот. За да се реализира оваа потреба потребно е исполнување на следните мерки:

- развој на национална рамка на квалификации, компатибилна со сеопфатната рамка за квалификации во европскиот простор на високото образование;
- обезбедување комплементарност помеѓу сеопфатната рамка за квалификации во европскиот простор на високото образование и

поширoката рамка на квалификации за доживотно учење, која вклучува општо и стручно образование и обука;

- создавање на механизми за олеснување на процедурите за промена на студиските програми;
- градење на критериуми за признавање на стекнатите компетенции;
- зајакнување на транспарентноста и информативната моќ на Министерството за образование и наука и на универзитетите;
- зајакнување на поврзаноста на универзитетите со работодавците, стопанските и јавните институции;
- промоција на интередисциплинарна обука и развој на преносливи вештини, со цел да се одговори на потребите на поширокиот пазар на работна сила.

Затоа едукативниот и образовниот систем, покрај експанзијата која ја доживува, потребно е да се насочи кон остварување на следните квалитативни карактеристики:

- ✓ современи форми на негово организирање;
- ✓ оптимална големина на образовните институции;
- ✓ достапност на образовните услуги;
- ✓ подобрување на менаџментот на образовните институции;
- ✓ унапредување на образовната технологија;
- ✓ следење на најновите научни достигнувања во сите научни области;
- ✓ подобрување на апликативноста на стекнатите знаења;
- ✓ ефикасноста на школувањето;
- ✓ економските ефекти од образованието;
- ✓ негово приближување до пазарот на трудот;
- ✓ истражување на пазарот на трудот од страна на образовните институции;
- ✓ воспоставување на рамнотежа на пазарот на трудот – тоа значи постојано да се следи понудата на работни места кои ја пласираат

работодавците и истата да се усогласи со понудата на образовните услуги, формирано од страна на образовните институции. Исто така да се воспостави рамнотежа на страната на побарувачката која се јавува на пазарот на трудот;

- ✓ зголемување на инвестициите во образованието, обуката, науката и истражувањето – тие инвестиции се многу исплатливи и овозможуваат одржување на националната компетентност и конкурентност, како и одржување и зголемување на развојот на земјата.

Не смее да се заборави фактот дека човечките ресурси станувaат основа за сите односи и движења во општеството, за создавањето на националното богатство, за поттикнување и забрзување на економскиот и вкупниот општествен и културен развој, за доблестите од сите области од човековото живеење.

Важноста на образованието за целокупниот економски развој е неспорна и непроценлива. Од таа причина во процесот на менаџирање на образованието секогаш треба да се земат во предвид економските принципи законитости и менаџерите да се раководат според пазарната логика, со цел да се подобри квалитетот на образовните услуги и да се креира ефикасно образование, кое во секој поглед ќе одговара на потребите на пазарот на трудот.

## Користена литература:


Дисперзирани студии - слепо црево во високото образование. (2011). *Радио Слободна Европа*.

Државната школарина ги изеде приватните факултети. (2012, 09 21). *Нова Македонија*.

Геровска-М Митев, М.-С. С. (2007). *Приоритети на политиката за социјална вклученост во Република Македонија.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Гоцевски, Т. (2010). *Образовен менаџмент.* Скопје: Филозофски факултет.

Закон за високо образование. *Службен весник на Република Македонија*.

Запишани студенти на додипломски студии. (2012). *Државен завод за статистика*.

Јанкоски, Д. (2002). *Организација на образованието.* Битола: Универзитет,,Св. Климент Охридски".

Како до поквалитетно високо образование. *Центар за истражување и креирање политики*.

Камчевски, М. (1995). *Евалуација на научните истражувања во Република Македонија.* Скопје: Економски факултет.

Конкурси за запишување за учебната 2012/2013 година. www.fakulteti.mk

Кралев, Т. (2003). *Основи на менаџментот.* Скопје.

Љ Кекеновски, Т. М. *Европското високо образование низ призмата на Болоњскиот процес .*

*Македонија во бројки.* Скопје: Државен завод за статистика.

*Менаџмент на универзитетот.* (2003). Скопје: Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј".

Министерство за образование и наука: http://mon.gov.mk/

Национален извештај од анализата на потребите и вештините на пазарот на трудот во Република Македонија. (2011/2012). *АВРМ.*

*Национална програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005-2015.*

Паѓа бизнисот на приватните универзитети. (2011, 12 19). *Дневен весник.*

Петковски, К. (1998). *Менаџмент во училиште.* Скопје: Просветен работник.

Поповски, Т. *Квалитетот на високото образование под прашање-Дисперзија како македонски феномен.* Скопје: Фондација Институт Отворено Општество - Македонија.

Трпески, П. (2012). *Социјални трансфери за невработеноста во Република Македонија и импликациите врз пазарот на трудот.* Скопје: Годишник на Економски факултет.

Трпческа, Л. (2011). *Реформи во стручното образование.* Скопје.

Шуклев, Б. (2008). *Менаџмент.* Скопје: Економски факултет.